Универзитет "Св. Кирил и Методиј"

Филозофски факултет – Скопје

Институт за педагогија

магистерски труд

# СОРАБОТКАТА НА РОДИТЕЛИТЕ СО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ -ИСКУСТВА И ПЕРСПЕКТИВИ

Ментор

Проф.Д-р Анета Бараковска

изработил:

Зоран Митев

Скопје, септември 2014

**За децата можеме да направиме добро со помош на нивните родители.**

**Наставниците можат да им помогнат на родителите, но не можат да ги заменат, бидејќи колку и да знаат општо за децата, не знаат ништо поедино за секое дете.**

Penelope Leach

Вовед

Во последново десетлетие повеќето европски земји го развиваат и менуваат својот воспитно-образовен систем. Едно од клучните прашања на тие промени е прашањето на воспитанието, образованието и вредностите. Тоа прашање предизвикува доста различни размислувања, но скоро во сите образовни системи зголемен е интересот за вклучување на родителите во работата на училиштето со цел олеснување на сложената работа на наставниците, и внесување на животна реалност која на учењето му дава есенцијален смисол.

Проблемот на соработката на родителите (семејството) и училиштето подолго време е присутен во процесот на реализација на воспитанието. Соработката помеѓу родителите и училиштето припаѓа на онаа група на проблеми кои континуирано се присутни и постојано бараат преиспитување на поедини форми на соработка и тражење на адекватни и подобри решенија.

Секојдневното искуство покажува дека вклученоста на родителите во училишниот живот и поучувањето на своето дете има големо влијание, не само на успехот на детето во училиштето, туку и во целокупното негово однесување. Добрата поврзаност на училиштето и домот е пресудна за подоброто привикнување на детето на училишниот живот, подобри резултати во учењето, превенција за проблематично однесување, и поголема амбиција за продолжување на понатамошното образование.

Семејството и училиштето, два клучни поима околу кои се врти животот на детето."Училиштето треба да му даде на детето образование, а семејството да го воспита"-велат многу. Но, дали ваквата поделба на одговорностите е реална и што е уште поважно, му овозможува ли на детето оптимални услови за развој? Голем број од наставниците имаат искуство во комуникацијата со родителите преку родителските и информативните состаноци, на кои родителите добиваат извештај за напредокот на своетот дете и увид во оценките во школскиот дневник. Обично комуникацијата меѓу училиштето и родителите се интензивира само тогаш кога ќе дојде до некој проблем поради непримерното однесување на детето или доколку покажува слаб успех во совладувањето на наставните градива. Често се се сведува на тоа дека наставниците треба да му овозможат на детето знаење, а должност на родителите е да го поттикнуваат во стварањето на работни навики кои ќе овозможат знаењето да се усвои. Би било едноставно ова навистина да е

така! Секојдневното искуство и бројните истражувања недвосмислено зборуваат дека вклученоста на родителите во училишниот живот има големо влијание врз успехот на детето, усвојувањето на социјалните вештини и унапредувањето на културата на живеење на детето. Со други зборови, кога училиштето и семејството на детето делуваат заеднички, децата го градат темелот, не само за успехот во училиштето, туку и во подоцнешниот живот.

Во училиштата кои негуваат партнерски однос со родителите и заеднички со родителите ја делат одговорноста за учењето на детето, овозможуваат поголема поддршка на училиштето. Само партнерскиот однос овозможува наставниците да се уверат дека родителите се грижат за учењето на своето дете и формираат позитивни ставови за училиштето и учењето, што им помага во нивното настојување на децата да им овозможат што подобро образование.

Кога родителите учествуваат во училишниот живот и во учењето на своето дете, децата имаат добивка – постигнуваат подобри резултати во училиштето, развиваат позитивни социјални ставови и однесување, и имаат поголема шанса за продолжување на школувањето.

Поаѓајки од наведените ставови се определивме за проучување на проблемот на соработката на родителите и современото основно училиште.

# I Теоретски пристап кон проблемот

# 1.СЕМЕЈСТВОТО И УЧИЛИШТЕТО ВО ПРОЦЕСОТ НА ВОСПИТАНИЕ

## *1.1 Семејството и училиштето како специфични фактори на воспитание*

Воспитанието преставува единствен процес, во чија реализација влегуваат повеќе различни фактори. Секој од нив во склад со своите специфични карактеристики и можности, придонесува да се реализира крајната цел на воспитанието. Како основни фактори на воспитание се издвојуваат родителите и училиштето.

Основна функција на училиштето е да ги остварува целите и задачите на воспитание. Во склад со тоа училиштето поседува експлицитни планови и програми на воспитна работа, потоа професионални воспитувачи, стручно оспособени за обавување на воспитната работа. Наспроти тоа, за родителите воспитувањето на младите е само една од битните функции, но не и единствена, и многу често подготовката на родителите за реализирање на воспитната функција е препуштено во главно на совеста на поединци. Па од тука може да кажеме дека воспитанието во училиштето е организирано и систематско, повеќе намерно и планско отколку воспитанието кое се остварува во семејството. (Matovic N, 1994)

Специфичноста на воспитанието кое го даваат родителите, која го разликува од воспитанието во училиштето, е неговото почивање на односот помеѓу родителите и детето, кој се базира на љубов, интимност, блискост, емоционална поврзаност. Родителите се првата група во која детето влегува по раѓањето, и извесен период се единствен фактор на воспитание, и родителите за разлика од наставникот се воспитувачи кои детето барем во повеќето случаеви во текот на животот не ги менува. (Orlovic-Potkonjak i Potkonjak, 1981, наведено во Matovic N, 1994)

Воспитанието во семејството, како примарна група, се реализира низ непосредна интеракција, додека воспитанието во училиштето, воглавно е посреден а не вистински процес и начин на живеење и работа. Училиштето е сеуште место каде младите се подготвуваат за идниот живот, отколку што е место во кое младите го живеат својот вистински живот. (Matovic N, 1994)

Децата од родителите не примаат само љубов и нежност, туку и поглед на свет, начин на живот и однос према општеството. Родителите тежнеат нивните деца да се однесуваат според нормите кои тие ги усвоиле. Обврска на родителите е на децата да ги пренесат културните вредности, традицијата и обичаите. Ако во семејството се ценат вистината, поштеноста и правичноста, тогаш е поставена подлога за формирање на вистински, честит и корисен член на општеството.

И училиштето и  семејството можат да се одредат како сложен сплет на чинители, кои со своите карактеристики и меѓусебна интеракција го обликуваат процесот на воспитание.

***Семејството - родителите*** се први и најважни воспитувачи на своите деца и носат најголема одговорност за нивниот развој и напредок. Тие го познаваат своето дете и неговиот карактер, неговиот егоцентризам, неговата срамежливост, неговата фантазија и неговата друштвеност. Родителите се тие кои живеат со своето дете од неговото раѓање до возрасна доба, нивниот однос е целоживотен. Тие се први примероци – и за решавање на проблемите, и за соработка и за заедница. Целно го учат своето дете како да стане член на заедницата. Успехот на секое дете во рамките на неговите можности и потенцијали е цел на секое училиште. За да го постигне тоа училиштето, мора да му пријде на детето како поединец – мора да биде насочено на детето. За успехот на ученикот од клучна важност е познавањето на неговите особини, јаките и слабите страни, интересите и посебните потреби на неговата личност. Училиштето кое е насочено на детето, ги гледа родителите како свои најважни партнери, бидејќи родителите се тие кои најдобро го познаваат своето дете.

Семејството е незаменлива средина  во која човекот се формира како личност, средина во која живее и задоволува  некои од своите најбитни потреби. Семејството е специфична  био-социјална заедница на луѓе и има многу значајна улога  во развојот на човекот и општеството воопшто. Семејството е посредник помеѓу општеството и поединецот, и врши повеќе функции од било која  друга општествена група. Со формирањето на семејството, човекот како социјално суштество се доживува  на тој начин што неговиот живот има сосема друг смисол на постоење, кога веќе не е сам туку покрај него  постои неговиот брачен другар и децата.

Зборот  семејство, во најширока смисла е древна, универзална нераздвојна човечка заедница која ја сочинуваат, пред се возрасни репродуктивно способни партнери (татко и мајка) и нивното потомство. (Trebjesanin Z, 2000). Или семејството е основен облик на општествена заедница заснована на брак и крвно сродство на  на нејзините членови. (Pedagoski recnik 2, 1967).

Семејството е таква група  за која секој поединец чувствува потреба, бидејќи целите кои ги остварува не се специјализирани, туку се цели од фундаментален и општ карактер, и е  најуниверзална општествена група  и единствена по тоа  што е значајна за живот на секој поединец - за целокупниот негов живот. Семејството има три универзални карактеристики:  тоа е заедница на половите и децата кои од таа врска настануваат;   тоа е примарна заедница во која се развива личноста на

детето; и тоа е заедница која обезбедува психо-социјална поврзаност на членовите. (Grandic R, 2004)

„Семејството врши функција на примарна група, овозможувајќи непосреден контакт, лична поврзаност, развој на емоции, поттикнува да се развие љубовта како потреба, и секако семејството е единствена општествена организација која го поттикнува развојот и емоционалната страна на човековиот живот, создавајќи услови да се формира интегрална и урамнотежена личност“ (Golubovic Z, 1981) Отука семејниот дом останува најважна воспитна средина, а родителите соработуваат со бројните општествени институции кои се грижат за здравјето и воститанието и образованието на децата. Споменатите институции не се јавуваат како замена за семејството туку како нивно дополнување и подршка. Семејството е незаменливо „како спона помеѓу општеството и поединецот кој треба да стане член на општеството, јавувајќи се во функција на посредник помеѓу општествениот систем и личноста“ вели Z. Golubovic

Семејството е таква општествена средина за која секој поединец чувствува потреба, бидејќи целите кои во него се остваруваат се темели на целокупниот човеков живот и затоа семејството е најсестрана и нај единствена група од витално значење за секој член на општествената заедница

***Училиштето*** пак е институција за организирано воспитување на човекот. Самиот збор има грчко потекло чие првобитно значење е "време на неработа". Подоцна поимот (shola) значи место на кое се изведува учењето во слободното време.

Поимот современо е всушност исто со поимот модерно. Изворно води потекло од латинскиот јазик (modernus) со значење сегашен, денешен, во духот на новото време, современо кое има обележје на нешто ново.(Вујаклија М, 1974). Изразот "модернизам" подразбира вкус и наклонетост кон она што е модерно, правец кој е наклонет кон модерната теорија на сознанието, духот на денешното време; нешто што е поставено на темелите на науката и технологијата.

Синтагмата "современо училиште" го изразува училиштето во транзиција, чија цел не е само технолошка трансформација, туку и промени во целите, филозофијата и вкупната методологија на воспитанието и образованието, односно наставата. (Ратковиќ М,1997)

Училиштето има своја долга еволуција. Секогаш било одраз на одредени општествено економски односи. Тие односи имале влијание на карактерот, на смислата, како и на целта и задачите на воспитанието и образованието. Како се менувало општеството, така се менувало и училиштето. Функциите на училиштето

се менувале во зависнот од потребата на општеството. Примерите со Атина и Спарта тоа најдобро го покажуваат.

Со тек на времето училиштето станало и институционална установа. Затоа поаѓаме од дефиницијата во Педагошката енциклопедија според која: " Училиштето претставува институција чија што основна функција е да ја остварува целта и задачите на воспитанието" (Pedagoska enciklopedija 2, 1979) .

Училиштето најчесто се определува како сложен, комлексен, динамичен, отворен, целесообразен систем. Исто така училиштето е институција во која младата личност почнува да ги добива првите целосни и систематски знаења, способности и навики од општиот фундус на човековата цивилизација. Сегашната задача на училиштето е: воспитание и образование на младите. Воспитанието се заснова на изградување на складна, хармониска млада личност, па оттука обврзно се остваруваат интелектуални, морални, естетски, работни и физички компоненти на развојот на личноста.

"Со своето дејствување училиштето ги поставува темелите и создава можност за многустран развој на личноста на младиот човек, за неговата социјализација, за развој на слободна, хумана, револуционерна, работна, создавачка, критичка личност способна и одговрна за изградба и одбрана на општеството." Задача на училиштето не е само да осигура обврзно школување на младите, туку да ја преземе улогата на поширока социјална и културна мисија и да се развива како активно жариште на просветата, културата и општественото воспитание.

Училиштето е педагошка, културна и социјална заедница на учениците, наставниците, родителите и сите други кои придонесуваат за реализација на најзините програмски содржини. Има за цел на учениците да им ги пружи потребните знења, умеења, ставови и навики кои се потребни за живот и понатамошно школување. (Stevanovič M, Ajanovič D, 1997).

## *1.2 Некои основни тенденции во развојот на семејството и училиштето*

### 1.2.1 Промените во современото семејство

Во склад со општествено-економскиот и политичкиот развој на нашето општество и семејството поминало низ крупни промени во структурата и во меѓусебните односи меѓу членовите, посебно во односите меѓу самите родители и помеѓу родителите и децата.

Расправајќи за промените во современото семејство Зага Голубовиќ истакнува дека „ориентацијата кон децата е една од најуочливите и најприсутните промени

во семејството денес". Меѓу индикаторите на тие промени се наведуваат: грижата за иднината на децата, како основен проблем на семејството, потоа високоит степен на аспирација за идната определба на децата(желба децата според степенот на образование да ги надмашат родителите), и сваќањето и давањето предност на задоволувањето на потребите и интересите на децата и тоа како во поглед на исхраната така и во однесувањето и школувањето. (Голубовиќ З, 1981, наведено во Дедиќ Џ, 1996)

Во неможност да ги остварат тие цели, родителите често прибегнуваат кон таканаречени половични решенија, така што ориентацијата кон децата е многу поизразена во материјален отколку во психолошко-педагошки смисол. На тој начин современото семејство наместо стабилна потпора, создава спротивни ефекти и создава диспропорција помеѓу големите и нерални желби на децата и неможноста истите да ги задоволуваат и остваруваат.(Дедиќ Џ, 1996)

Меѓу многуте промени на современото семејство е и тенденцијата е да се има малку деца (едно) што се оправдува преку „грижа за детето„ – желба за обезбедување на подобра иднина. Родителите и не сваќаат дека на тој начин детето се лишува од најдрагоценото доживување на братска и сестринска љубов, преку која се учи вистинска човечка комуникација. Преокупирани со себе и сопствениот стандард родителите често не се во состојба да се одкажат од било што заради развојот на личноста на детето.

Според М. Бергант (Bergant M, 1973 наведено во Дедиќ Џ, 1996) промените во современото семејство одат во правец на намалувањето на бројот на членовите, исчезнувањето на големите патријалхални семејства, а во врска со тоа и слабеењето на воспитната улога на на семејството и социјализацијата на младите. Понатаму се укажува на тоа дека семејството станува лабилна општествена заедница без јасно утврдени улоги, неприлагодена на новите услови, и недоволно способна правилно да го организира воспитниот процес.

Сепак меѓу битните промени кои го зафатиле современото семејство најзначајни се структуралнте промени. Основната промена во структурата на семејството се манифестира низ смалување на нејзината големина. Имено од повеќегенарациско, современото семејство станува двогенерациско т.е. него воглавно го сочинуваат родители и деца. Другата причина за намалување на големината на семејството е намалувањето на бројот на децата во семејството. Во врска со структурата на семејството воочливе е уште една промена, а тоа е зголемувањето на бројот на дезорганизирани непотполни семејства. Причина за оваа поја се различни: зголемување на бројот на разводи, самохрани мајки, заминување на родителите на работа во странство и др. (Matovic N, 1994)

Во динамиката на односите меѓу членовите на семејството промените се следни: се поголема демократизација и хуманизација на односите во семејството како помеѓу мажот и жената, така и помеѓу родителите и децата со тенденција на се поголемо меѓусебно уважување и почитување. Современото семејство всушност се стреми да стане „заедница на човечки личности" Тоа подразбира дека современото семејство се конституира како заедница која може да постои само ако помага сите нејзини членови да се реализираат како личности по пат на интерперсонални контакти и задоволување на нивните потреби. (Голубовиќ З, 1981)

Битни промени современото семејство трпи и во делот на функциите кои ги извршува и тоа: менување на карактерот на економските функции, наместо произведувачка, во семејството се повеќе доминира потрошувачката функција. Потоа редукција-намалување на семејната функција, при што некои од нив или одделни нејзини сегменти се пренесуваат на општеството, односно неговите специјализирани установи. На пример здравствената, социјланата и воспитната функција денеска не се врзуваат исклучиво за семејството, која се јавува само како еден од факторите кои учетвуваат во нивната реализација.(Голубовиќ З, 1981, наведено во Matovic N, 1994).

### *1.2.2* Промени во современото училиште

Дваесеттиот и двеаесет и првиот век можат да се карактеризираат како периоди на перманентна, пожешка и помека критика на училиштето од страна на бројни авторитативни мислители. Така во 1967 година на меѓунардоната конференција во САД директорот на Меѓународниот институт за планирање на образованието при УНЕСКО, Филипс Кумс, ја констатира кризата на образованието и врз основа на истражувањата на експерти од 18 држави ја пишува книгата "Светска криза на образованието", која се прифаќа како официјален документ на Обединетите Нации. Кумс констатира дека класичното училиште, застарените содржини и методи на работа во него не се во можност да ги задоволат барањата на современото производство, развитокот на науката и технологијата, длабоките општествени трансформации и посебно на студентите и учениците (Кумс,1971).

Шеесетите и седумдесетите години на дваесеттиот век се период на остри критики на поставеноста, функцијата, содржините, начините и методите на работа на училиштето, од кои некои отидоа до таму што констатираа дека "Училиштето е мртво" (Riner,1971, наведено во Костова М, 2004) или "Долу училиштата" (Илиќ,1980, исто). Од друга страна, бројни еминентни стручњаци застанаа во одбрана на традиционалното училиште бранејќи го со висок квантум на знаења

што тоа ги дава на учениците. Меѓутоа, сите анализи и укажувања го иницираа процесот на реформирање на традиционалното интелектуалистичко училиште. На крајот на осумдесетите и почетокот на деведесетите години од векот кои измина, во светот започнува процесот на нови реформи на училиштето и тој процес продолжува и денес.

Една од премисите на кои се гради современото училиште е квалитативно поинаквиот однос меѓу наставникот, ученикот и родителот. Во оваа смисла, се почести се барањата за ставање на ученикот во центарот на работата на училиштето.

Дејвид Мек Намара тврди дека" наставата и учењето треба во центарот да го имаат наставникот...наставникот знае повеќе од своите ученици...тој во училницата е централна фигура одговорна за учењето на децата"(Mc Namara,1994). Ова барање не подразбира "строг, авторитативен наставник која бара децата да се ангажираат во нервно исцрпувачкото учење", туку бара од наставникот да биде "ориентиран спрема децата"(Mc Namara,1994).

Значи, се укажува потреба во центарот на наставата да бидат и ученикот и наставникот, значи и едниот и другиот да бидат субјекти во воспитно - образовната работа. (Ратковиќ, 1997).

Теоретските основи на современата работа во училиштето ги наоѓаме во моделот на т.н. "отворено училиште", кое по својата суштина претставува општо настојување за решавање на кризата на традиционалното училиште.

Корените на отвореното образование можат да се најдат уште во хелинистичкото воспитание, за подоцна да се препознаат во идеите на Русо и својот процвет да го достигнат во идеите на Џон Дјуи (Радовановиќ,1997).

За Дјуи "воспитанието е постојана реорганизација и реконструкција на искуството. Тоа претставува основна цел, а се додека активноста е воспитна, тоа ја постигнува таа цел – директна трансформација на квалитетот на искуството"(Dewey,1966).

Во најширока смисла на зборот, Дјуи воспитанието го сфаќа како средство со помош на кое се остварува континуитетот на општествениот живот во рамките на заедницата. Во оваа смисла, вели дека "она што е хранењето и размножувањето за биолошкиот живот, тоа е воспитанието за општествениот живот""(Dewey,1966).

Улогата на училиштето Дјуи ја гледа во "усогласувањето на склоностите на секој поединец на разновидните влијанија на различните општествени средини во кои поединецот влегува"(Дјуи, наведено во Радовановиќ,1997). Вредноста на

воспитанието кое се остварува во училиштето зависи од тоа во која мера тоа создава желба за постојан развој и дава средства за негово остварување (Миовска-Спасева, 2002).

Врз основите на учењето на Џон Дјуи настанува прогресивистичка концепција на воспитанието по која училиштето се заснива на принципите на слобода, демократија, взаемно почитување и соработка. Основните постулати на прогресивистичка концепција стануваат теоретска основа на коцепцијата за отворено училиште која се потпира на принципите за отвореност на училиштето кон детското искуство и кон средината во која живее.

Моделот на отворено училиште добива своја примена во основното образование во САД и Велика Британија во шеесетите години на дваесеттиот век потпирајќи се на идејата за прогресивно образование, но и на други теоретски основи и алтерантивни решенија на современото образование. Иако постојат определени разлики, основен постулат на концепцијата на отвореното училиште е сфаќањето дека училиштето е место на живеење на учениците, а не место каде се припремаат за живот во иднина. Оттука, според оваа концепција училиштето треба да се сврти кон проблемите на децата, родителите и средината. Односите на училиштето со другите институции и субјекти во средината треба да бидат односи на взаемно почитување и соработка (Радовановиќ,1997).

Разликата меѓу традиционалното и отвореното образование Суходолски ја разгледува не само од аспектот на разликите во содржината на образованието, туку и во разликите во формите на овие образовни концепции, при што, како посебна вредност на отворениот модел ја нагласува поврзаноста на образованието со процесот на животот (Suchodolski, 1984).

Треба да се нагласи дека отвореното образование не претставува единствена теоретска концепција и дека различни автори дури користат и различни термини, на пример: отворено, слободно, неформално училиште.

Училиштето се повеќе соработува со средината, отворено е спрема се што е ново и вредно, ги асимилира новите педагошки идеи, позитивно влијае на локалната средина, ја менува и станува центар за успешно воспитно образовно делување и е во согласност со поставените општествено-педагошки цели. На тој начин за разлика од традиционалното училиште од затворен и формален карактер, доаѓаме до нов тип на училиште – отворено училиште.

Во настојувањето да ги класифицира различните модели на отворено училиште, Јован Ѓорѓевиќ наведува три групи на модели и тоа:

-отвореност на училиштето спрема учениците

-отвореност на училиштето спрема општествената средина

-отвореност на училиштето спрема учениците и општествената средина (Ѓорѓевиќ,1981).

Александра Марјановиќ го нагласува аспектот на отвореноста на воспитните институции спрема општествената заедница, а пред се, спрема родителите на децата. Таа смета дека родителите треба најнепосредно да бидат вклучени во работата на предучилишните институции, од планирањето на активностите до реализирањето и валоризирањето. (Марјановиќ,1987, наведено во Костова М,2004).

Современото опкружување на училиштето се менува со вртоглава брзина, границите помеѓу училиштето како систем и неговото опкружување станува се пославби и се рушат високите бедеми со кои сеуште се обвиткани образовните институции. Во оваа смисла, основа на сите настојувања за промени на современото училиште е барањето тоа да биде така организирано, за да биде способно за трајни интеракции, да прерасне во динамичен и потполно отворен систем кој ќе биде поврзан со целосноста на условите и ситуациите во општеството и другите фактори, пред се, со другите воспитно – образовни институции и со родителите.

### *1.3 Одност помеѓу семејството и училиштето во процесот на воспитание*

Семејството како основно социјално опкружување во кое личноста се развива и формира, и училиштето како преставник на институционалното воспитание и образование, се значајни фактори во развојот на поединецот како и општеството во целина. Постојат различни сваќања за одредувањето на односот меѓу нив. Многу често семејствотото и училиштето се разгледувале како два независни фактори со јасно раздвоени улоги и одговорности: родителите се одговорни за семејното воспитание, а наставниците за успехот во училиштето. Или во односот семејство-училиште се пренагласува значаењето на едниот од нив. Ако се пренагласува значењето на училиштето, како аргумент за таквиот став обично се наведува дека воспитувањето во училиштето е организиран, плански, свесен и систематски процес... Наспроти тоа, кога се пренагласува значењето на семејството, обично се истакнува нејзината огромна важност како примарен фактор на социјализација, и незаменливоста на односите во семејството со било какви институционални облици на воспитание за правилен развој на детето... (Matovic N, 1994)

Во пракса односот училиште семејство се менувал низ историјата. Јасна доминација на училиштетето во однос на семејството во процесот на воспитание карактеристична е за епохата на индустриското општество, кога училиштето завзема т.н. монополистичка позиција, а семејството било потиснато во втор план, и неговите можности не биле доволно користени, напротив биле потценувани. (Potkonjak N, 1988 наведено во Matovic N, 1994). Научно технолошката револуција, и промените кои таа ги донела брзиот развој во науката, промените во процесот и структурата на работа, скратувањето на работното време и зголемувањето на слободното време, создале услови и потреба за воспоставување на нови, рамноправни односи помеѓу семејството и училиштето во процесот на воспитание на децата.

Затоа, речиси секој обид за реформа во образованието ја истакнува важната улога на родителите во воспитно-образовниот процес. Најдобрите училишта изградиле вистински партнерства со родителите, но во многу училишта постои широк јаз, кој и понатаму се проширува. Има наставници кои како да веруваат како да им се пратени погрешни деца, во училиштето а всушност тоа се единствените деца што ги имаат родителите. Но и обратно, има родители кои често гледаат на училиштето како на место од кое треба да се плашат, а осбено оние родители кои и самите биле лоши ученици. Несомнено дека големината, структурата и сложеноста на училиштата преставуваат извор на несигурност кај најсигурните родители, а да не зборуваме кај некој родител кој не го завршил своето образование. Не е суштината во тоа да се прави она што од секогаш се правело, само поупорно и подобро, туку нашиот променет општествен контекст бара одново да размислиме за родителискиот ангажман во училиштата во насока на воспитание и образование на личноста на ученикот. (Вклучување на заедницата во образовниот процес, 2008,)

Ако родителите се тие кои треба да ја разберат променетата природа на нашите училишта, подеднакво е важно и училиштата да ги земат во обзир широкоит дијапазон на диспозиции, искуства и предности внатре во семејствата.(Edwards & Young,1992). За таа цел J.L.Epstein(1995) ја предлага следнава рамка за разбирање на видовите на родителски ангажман во училиштата:

-Советодавна работа со родителите – да им се помага на родителите да создаваат опкружување во кое се проткајува учењето и воспитувањето

-Комуникација – развивање на двосмерна, лаичка и содржинска комуникација за напредокот на учениците

-Доброволна работа – регрутирање и подржување на доброволен ангажман на родителите

-Донесување на одлуки – да се вклучат родителите во донесувањето одлуки во училиштетето

Со воспоставувањето на партнерски односи ги соединуваме училиштето и семејството со цел да се зајакне успехот на нашите деца и нашите ученици. Вистинската поделба на моќта и одговорноста е важен бит на секое партнерство помеѓу семејството и училиштето. Тоа е возможно само ако помеѓу нив постои двосмерна комуникација и меѓусебна доверба.

Дека родителската улога е витална за равојот на децата и дека вклучувањето на родителите е одлучувачко за подобрување на постигањата и однесувањето на нивните деца, сведочи и фактот дека во градењето на партнерски однос меѓу училиштето и родителите, се нагласени следниве три цели: да се осигура успех на своите деца; да се помогне на детските социјални, емоционални, физички и училишни потреби; да се дели одговорноста за унапредувањето на детскиот раст и развој.

# 2. СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ СЕМЕЈСТВОТО И СОВРЕМЕНОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

## *2.1.Историска димензија на соработката*

Прашањето на односот и соработката на училиштето и родителите (семејството) денес е едно од најактуелните прашања на педагошката теорија и практика, но ова прашање има и свое минато. Коменски во XVII век и Песталоци во XVIII век го истакнале барањето за отворање на училиштата кон родителите. Но никогаш тоа не биле континуирани настојувања. Опишувајки ја улогата на училиштето во животот на детето Коменски ја употребува метафората „пресадување„ или „калемење„ што упатува на изместување на детето од семејството заради оплеменување-педагошко влијание. Според Песталоциевите списи, училиштето во прво време не можело да смета на недвосмислена подршка од семејството. Учителот бил „еретик, кој покрај нешто добро што врши врз децата ја доведува во опасност спасот на нивната душа„. Како преставник на новиот омразен ред учителот не можел ниту пак требало да им излезе во пресрет на желбите и очекувањата на родителите. Негова задача билада ги препороди децата да ги издвои од заостанатата семејна средина, во новиот поредок на ученост и духовна дисциплина. (Песталоци 1960 наведено во Џиновиќ В, Павловиќ Ј, Милошевиќ Н, 2007).

Систематското и благотворно дејство на училиштето низ генерациите довело во почетокот на дваесетиот век до појава на популација „школувани родители„ кои подобро ги разбирале целите на образованието и воспитанието и покажувале поголема спремност да се вклучат во соработката со училиштето. На пример, во Англија кон крајот на 19 век се јавуваат први практични обиди за вклучување на родителите во животот и работата на училиштето, се основаат доброволни организации како што се: родител-наставник здрушение, приватни родителски клубови, родител-наставник групи. Со тоа бил втемелен еден дискурс на соработка помеѓу семејството и училиштето, кој и денес опстојува во училишната пракса. (Goodacre E.J, 1970 наведено во Џиновиќ В, Павловиќ Ј, Милошевиќ Н, 2007).

Конечно во втората половина на XX век се зголемуваат барањата за поголемо вклучување на родителите во училиштата. Имено се поотворено се истакнува потребата за отворање на училиштата кон родителите, јакнење на соработката училиште – семејство, и се поактивна улога на родителите во воспитанието и образованието на сопствените деца и надвор од семејството. (Maleš D, 1995).

Од почетокот на воведувањето на задолжителното државно воспитание и образование дошло до јасно разграничување на воспитните свери меѓу училиштето и родителскиот дом. Функциите на семејството и училиштето во воспитно-образовното делување врз детето се гледаат одвоено, едната разгледувана исклучиво низ воспитанието кое го спроведува семејството, и другата поврзана пред се со образованието, а го остварува посебно оспособена особа.

Напоредно со воведувањето на задолжителното школување започнуваат и несогласувањата меѓу училиштата и семејството, што зборува дека тој однос одсекогаш бил проблематичен. Имено кога поголемиот број европски држави вовеле општо задолжително школување, семејствата останале без работна сила, што не можеле лесно да го прифатат, и се противеле на школување на децата. (Madelin A, 1991; Berger E, 1991 наведено во Maleš D, 1995).

Се до 60-те години на минатиот век повеќето родители немале можност да влијаат на воспитанието и образованието на своите деца надвор од семејството. Учителите во училиштата не сметале дека има потреба да се консултираат со родителите, а родителите ниту се мешале во работата на наставниците, ниту со нив разговарале за своите воспитни постапки во семејството. Соработката се состоела во присуство на родителските состаноци и свечености како потпора доверба на она што се случува во училиштето. Со оглед на тоа дека училиштето родителите не го избирале туку детето морале да го запишат според местото на живеење, не била ретка појавата на непријателство меѓу училиштата и

родителите, а не биле ретки ниту натписите од типот „Забранет влез за родителите“ (Tizard J, 1983 наведено во Maleš D, 1995).

Во својата борба за заштита на родителските права, родителите бараат не само да имаат право на избор на училиште, програма, да бидат добро информирани за она што се случува во училиштето туку бараат и можност да основаат воспитно-образовни установи кои не се под дирктно државно патронатство. Резултат на таа борба било основање на алтернативни училишта таму каде демократското општество тоа го дозволувало. Под притисок на родителите некои земји вовеле битни новости во законодавството, кои даваат можност за поглолема и поактивна родителска вклученост. Така на пр. Англија издала уредба за родителска обврска да го осигураат образованието на своите деца така да тие посетуваат училиште или на некој друг начин. Тој друг начин значело дека училиштето не е единственвено место каде се остварува воспитание и образование, туку воспитанието и образованието на децата може да се остварува и дома во семејството. (Johnson D, 1990 наведено во Maleš D, 1995).

Мусгрове истакнува дека во демократското општество можностите за менување на статусот како резултат на образованието, било да се работи за искачување или паѓање делува на родителите активирачки. Родителите стануваат свесни дека дипломата донесува и одредени општествени контакти, углед во општеството и материјална сигурност. Затоа истиот автор заклучува дека демократското општество е најдобар лек за родителската негрижа. Во такви услови родителите настојуваат да станат стручњаци на образовните стратегии кои се повеќе стануваат клуч на успехот. Затоа не зачудува тоа што родителите сакаат активно да учествуваат во образованието и воспитанието на своите деца, сакаат нивниот глас да се слушне и нивните желби да се уважат. Во кратко родителите веќе не сакаат да бидат пасивни и неслободни во изборот туку се претвараат во вистински учесници – „бидејќи сметаат дека училиштето преставува степеник на патот кон општествената афирмација на детето и нивната осетливост за училишните резултати од ден на ден се повеќе растат“ (Musgrove F, 1979).

Социјалните проблеми, сиромаштвото и политичката нестабилност во 90-ите години на минатиот век пропратени со недостаток на време и стрес кај возрасните и порастот на деликвенцијата, наркоманијата и алкохолизмот кај школските деца како последица го има истакнувањето на важноста на соработката меѓу родителите и воспитно-образовните установи заради подобро запознавање на секое поедино дете и задоволување на неговите индивидуални потреби. На ова треба да се додаде и појавата на мислењата на голем број теоретичари, дека поединецот не може да се сфати доколку не се разгледува како дел на целокупниот (семеен) контекст чији состатавен дел е. (Maleš D, 1995).

За современата педагошка теорија и пракса, како во светот така и кај нас, можеме да кажеме дека ја карактеризира преиспитување на традиционалната автономија на училиштето и редифинирање на улогата на родителите и наставниците во воспитно-образовниот процес. Стариот концепт на однос меѓу училиштето и родителите е потполно неприфатлив, а решение е изградување на еден сосема поинаков, нов однос помеѓу нив, базиран на богата комуникација, заедничка работа и заедничка одговорност.

Иако прашањето за соработката е честа тема на практичарите и теоретичарите, постои несогласување како на планот на терминологијата така и во поглед на самото сфаќање на соработката и самата реализација.

Во англосаксонското јазично подрачје среќаваме низа на термини кои се однесуваат на соработката со родителите, но најчести се: „вклучување на родителите/семејството“ (parents/families involvement) и „работа со родителите“ (working with parents). (Braun D, 1992).

Според Braun D, под „вклучување на родителите“ се подразбира планирани ситуации кога родителите активно се вклучуваат во работата на училиштето, додека под „работа со родителите“ се подразбираат сите облици на контакт од неформалнои до заеднички планирани активности на родителите и наставниците.

За германското јазично подрачје карактеристичен термин е „родителска партиципација“, и овој термин се користи како надреден поим за сите облици на комуникација и интеракција меѓу родителите и наставниците-училиштето, вклучувајки го и родителското учество во работата и одлучувањето во училиштето. “(Maleš D, 1995).

Кај нас најчесто се користи терминот „соработка помеѓу училиштето и семејството“ или „соработка со родителите“ без разлика дали се работи за формални или неформални облици на соработка. При тоа под соработка со родителите се мисли на процес на меѓусебно информирање, советување, учење, договарање и дружење.

Свесни за важноста на меѓусебното почитување и разбирање меѓу родителите и учителите теоретичарите се почесто во своите трудови инсистираат на важноста за воспоставување на партнерски однос како претпоставка за успешна соработка. За партнерството можеме да кажеме дека преставува деловен однос меѓу два или повеќе чинители насочен кон остварување на заедничка цел (вклучувајки взаемна почит, споделување на информации, чувства и вештини, договарање, заедничко одлучување и прифаќање на индивидуалноста на семејството). Во односот на родителите и наставниците важно е да се разликува улогата на секој од нив.

## *2.2 Потребата за соработка помеѓу семејството и современото основно училиште*

Современото општество се грижи да се создаде континуитет во воспитувањето и образованието, а тоа е невозможно без блиска соработка на училиштето и семејството, од една страна и училиштето, семејството и општествената средина од друга страна. Многу често родителите соработката со училиштето не ја сфаќаат како постојана обврска, за неуспехот на детето еднострано ја обвинуваат средината во којашто живеат, училиштето, наставниците. Факт што загрижува е дека некои родители исклучително училиштето го сметаат за одговорно за воспитанието на своето дете, а своите обврски ги сведуваат во рамките на исхраната, облекувањето. Меѓутоа, не се само родителите виновни ако не дојде до успешна соработка. Добар дел од вината ја имаат наставниците и училиштата. Се случува наставниците да ја потценуваат улогата на родителите, не ги сметаат за рамноправни соработници, организираат состаноци без интересни содржини, не се грижат доволно за проблемите на учениците. (Јованова С, 2011)

Во кратко, во процесот на воспитание се повеќе се присутни задачи чија реализација подразбира заедничко ангажирање и на семејството и на училиштето. Затоа може да кажеме дека соработката помеѓу семејството и современото училиште е неопходна алка за успешна реализација на воспитно-образовните цели и задачи. Соработката помеѓу семејството и училиштето му овозможува на ученикот да го развие целиот свој потенцијал. Добрата соработка помеѓу семејството и училиштето е добро за децата, добро за наставниците - училиштето, добро за родителите:

**...за децата**

-постигнуваат подобри резултати во учењето, редовно исполнување на своите обврски и помалку изостанување од настава

-развиваат позитивни социјални ставови

-својата ориентација за во иднина често ја бираат во склад со своите капацитети

-полесно го прифаќаат училиштето како место каде се гради сопствениот идентитет и се учи на самостојност надвор од своето семејство

-од возрасните учат како да разговараат и полесно да го изразат своето мислење во различните училишни тела.

**...за наставниците и училиштето**

-со добриот однос со родителите и нивната присутност во училиштето примаат вистинска помош, бидејќи секој партнер внесува свои компетенции во образованието на детето

-ја зајакнуваат својата професионалност низ уважување на различноста на семејството и детето како дел од семејството

-во родителите добиваат сојузник во решавањето на проблемите и тешкотиите низ кои минува детето

-постигнуваат позитивна слика во очите на родителите и тие ја разбираат сложенсота и тежината на наставничката професија

-стануваат помотивирани и позадоволни од својата работа

-постигнуваат поголема доверба кај родителите

-имаат подобар углед во општествената заедница

**...за родителите**

-подобро се информирани за она што се случува во училиштето

-постигнуваат позитивна слика во очите на наставниците
-го даваат својот допринос за поефективно училиште

-имаат поддршка во исполнувањето на својата родителска улога и помош во разбирање на воспитно-образовниот систем и она што училиштето очекува од нив како родители

-како партнери стануваат учесници, а не пасивни набљудувачи на училишниот живот на своето дете.(Ferhatovic S., 2008)

### 2.2.1 Цел на соработка помеѓу семејството и училиштето

На родителите им е потребно да им се даде можност да учествуваат во работата на училиштето кое го посетува нивното дете. Одговорноста за училишната заедица покрај училиштето потребно е да ја превземат и родителите како група, тие ќе пружат подршка на училиштето. Во центарот на соработката меѓу семејството и училиштето е доброто на детето. Училиштето и семејството имаат различни задачи во поглед на воспитанието на децата, нивното образование и грижата за нивното здравје. Важна цел на оваа соработка е редовна и

институционализирана размена на информации и идеи за доброто на детето. (*Institucionalizirana saradnja i opšta saradnja roditelja sa školom*) http://www.stadt-zuerich.ch/portal/de/index.html

На основа на анализата на литературата, издвојуваме неколку сфаќања кои во неа најмногу се наведуваат:

* Основна цел на соработката е да овозможи координација, усогласување, поврзување на активностите на родителите и училиштето во процесот на воспитание. Ваквото сфаќање на целта на соработката во повеќето случаеви се заснова на постоењето на една единствена цел на воспитание кој е прифатен како таков и во училиштето и во семејството (*се работи за цел на воспитание која со закон е пропишна, и која училиштето треба да ја наметне на родителите*) и второ, училиштето како преставник на институционално воспитание, е доминантна во односот на родителите – семејството и воспитанието кое кај нив се остварува.

* Цел на соработката е да се пружи помош на на семејството во реализацијата на неговите воспитни функции. Во таа смисла, посебно се како можности истакнуваат: дополнување на воспитанието во семејството и корекција на пропустите од неправилното (неадекватното) семејно воспитание.

*Низ соработката меѓу родителите и училиштето треба да се обезбедат услови за оптимален развој на детето. Во тој контекст соработката се согледува како процес кој преставува своевидна превенција против јавувањето на негативни појави како последица на пропустите во воспитувањето. (Matovic N, 1994)

Според Матовиќ (Matovic N, 1994) целта на соработка меѓу родителите и училиштето може да се одреди и на следниот начин: Преку соработката треба да се создадат услови за реализација на целите на воспитание. Ваквото сфаќање на целта на соработка се заснова на ставот за постоење на една единствена и општо прифатена (од сите учесници во процесот на воспитание) цел на воспитание.

Целта на соработката се одредува и преку определување на конкретни подрачја на работа. Во таа смисла обично се разликуваат следниве правци на соработка: меѓусебно информирање, педагошко образование на родителите и ангажирање на родителите во оставрувањето на задачите на училиштето.

Најшироко кажано, цел на соработката меѓу родителите и училиштето е да се обезбедат услови за оптимален развој на детето. Во овој контекст соработката се согледува и како процес кој преставува еден вид превенција против јавување на негативни појави како последица на пропусти во воспитанието

### 2.2.2 Односот помеѓу родителите и наставникот во процесот на соработка

Карактеристиките на односот меѓу родителите и наставникот преставуваат битен елемент од кој директно зависи квалитетот, ефикасноста и рационалноста на соработката. Наједноставно посматрано се издвојуваат две сфаќања за односот меѓу родителите и наставникот во процесот на соработка. Според првото родителите и наставниците немаат рамноправна позиција во процесот на соработка. Имено наставниците, како професионалните воспитувачи, знаат повеќе и подобро од родителите кои својата родителска функција ја обавуваат без никакво посебно стручно оспособување. А според второто сфаќање наставниците и родителите се рамноправни учесници во процесот на соработка. За објаснување на нивните меѓусебни односи обично се користат термини како партнерска комуникација, двосмерна соработка и тн. (Males D, 1989). Во таа смисла Тизард (Tizard наведено во Matovic N, 1994) истакнува дека составен дел во редовното стручно образование на наставниците, треба да биде и нивното оспособување да ги прифаќаат и ставовите на родителите, проблемите да ги разгледуваат и од аспект на родителот, да ги почитуваат нивните знаења за сопствените деца, и нивните воспитни постапки. И втор значаен сегмент е инсистирањето за потикнување и развивање на позитивни ставови на наставниците за родителите, и обратно на родителите кон наставниците. Во ваков контекст на односи, наставникот нема превилигирана позиција во однос на родителот, (тие се рамноправни партнери); во процесот на соработка родителите се активни учесници, (соработката се остварува преку дискусија, размена на мислења, договарања, комуникацијата е двонасочна); непосредниот однос помеѓу наставникот и родителите ги карактеризира спонтаност, срдечност и топлина;

За развивање на добри односи помеѓу родителите и наставниците во процесот на соработката потребно е да се нагласи дека: е потребно добро меѓусебно познавање на родителите и наставникот; непоходно е постојано да се поттикнува развивање на позитивни ставови на наставникот кон родителите и обратно на родителите кон наставникот.(Ignjatovic R, 1976)

Кога во литературата се расправа за односите на соработка, скоро секогаш се има во вид само еден аспект, а тоа е односот меѓу наставникот и родителите. Потпоно изостанува разгледување на проблемот на положбата и улогата на ученикот во процесот на соработка, фактор не помалку важен за квалитет и успех.

### 2.2.3 Содржини на соработка помеѓу семејството и училиштето

Семејството и училиштето се две институции кои се во меѓусебна зависност во постигнувањата на целите во воспитувањето и образованието. Соработката во

полна смисла на зборот не значи повремени и случајни средби на родителите и на наставниците. Тоа е плански насочен долгорочен процес на заемни активности. Јевиќ-Урошевиќ (Jevic i Urosevic, 1990) го прават следниот избор на содржина на соработката: успех на учениците во учењето; дициплина и однесувањето на учениците во училиштето; проблеми во воспитувањето; потреба од помош на детето во решавање на проблеми; проблеми од вклопување во одделенскиот колектив; вклученост на ученикот во слободните активности; различни потешкотии во развојот поврзани со неуспехот на ученикот; социјалниот и материјалниот статус на семејството...

Според Башиќ Д. од податоците добиени на основа на изјави на родителите најчесто како содржина на разговорите со преставниците на училиштето се појавува: успехот на учениците, однесувањето на учениците, потребата на учениците да им се пружи дополнителна помош, замерки на односот и работата на наставниците, и организација на слободното време на учениците.(Башиќ Д, 1986).

Катарина Петровиќ во своето истражување за соработката на семејството и училиштето истакнува дека повеќето родители на прво место ја истакнуваат потребата за исцрпни информации за успехот и напредувањето на детето во училиштето, но истовремено родителите се заинтересирани за здравјето и хигиенските проблеми, за професионалното насочување на ученикот и проблемите како пушење, алкохолизам (Piorkowska-Petrovic, 1984)

Матовиќ Наташа го прави следниот избор во содржината на соработката меѓу семејството и училиштето: успехот на ученикот во учењето; однесувањето на учениците во училиштето и примена на воспитно-дисциплински мерки; работа со проблематични ученици; содржина и организација на слободното време на учениците; превенција и сузбивање на појава на воспитна запуштеност кај учениците; педагошко-психолошко образование на родителите; содржина и организација на работата во училиштето... (Matovic N, 1994)

Сакајќи успешно да ги следиме новините на светски план во образованието, но и трансформациите во сите сфери на живеење неопходно е родителите да бидат вклучени во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес во училиштето. Активното вклучување на родителите во сите сфери на работата и живеењето на училиштето е императив кој стои пред образованието и бара од него и од родителите вонредни залагања.

### 2.2.4 Форми на соработка помеѓу семејството и училиштето

Вработените во училиштата треба да се стремат кон изнаоѓање нови форми за соработка со локалната средина – родителите. Наставниот кадар со својата инвентивност треба да ги искористат сите потенцијали со кои располагаат родителите и на тој начин ќе се подобрат условите за одвивање на наставно-воспитниот процес што ќе резултира со зголемена желба кај учениците што подолго да престојуваат во училиштето, а пак кај родителите ќе се подгне нивото на задоволство од високиот квалитет на наставата и вонnаставните активности.

Според Мандиќ (Mandic,1980) се разликуваат следните форми на соработка помеѓу родителите и училиштето: лични контакти на наставникот со родителите (посета на наставникот во семејството, посета на родителите во училиштето, допишување); родителски состаноци (општи родителски состаноци, одделенски и групни состаноци); општо и педагошко образование и усовршување на родителите (школа за родители, курсеви и семинари, трибини, предавања и дискусии); организација на значајни акции и активности во училиштето (организирање на работни акции, свечености, приредби, изложби, организирање на екскурзии); учество на родителите во останатите видови на живот и работа на училиштето (работа во органите на управување, разни комисии, советот на родители); нови облици на соработка меѓу родителите и училиштето (ден кога се отворени вратите на училиштето за родителите, т.е. родителите доаѓаат во училиштето, присуствуваат на часовите, ги следат активностите, помагаат на наставниците во организацијата и реализацијата на воспитно-образовната работа, и се запознаваат со проблемите на училиштето).

Според резултатите на едно истражување соработката меѓу родителите и училиштето најчесто во пракса се остварува: преку индивидуални разговори на наставниците и родителите, на родителските состаноци, на приредбите, и низ работата на родителите во Советот на родители на училиштето (Piorkowska-Petrovic, 1984 наведено во Matovic N, 1994). Според резултатите на едно друго истражување ранг-листа на најчесто користени форми на соработка со родителите, добиена на основа на проценка на одделенските раководители, укажува дека во пракса најзастапен облик е „денот на отворени врати„ а потоа следуваат родителските состаноци, индивидуалните разговори, совет на родителите на одделението, разговори во мали групи, предавање за родителите, посета на семејствата на учениците и допишување. (Marjanovic D, i dr наведено во Matovic N, 1994)

Од различните форми на соработка, родителите најчесто ги избираат индивидуалните разговори на наставникот и родителите, и одделенските родителски состаноци (Matovic N, 1994).

Според едно друго истражување, родителите наведуваат други форми на соработка, кои во практика воопшто или во доволна мерка не се застапени во комуникацијата со родителите а за кои тие би биле заинтересирани: заеднички излет и екскурзија, посета на родителите на часовите, чести родителски состаноци, совет на родителите на оделението, заеднички чајанки, изложби, свечености, разговори на наставникот со помали групи на родители, редовен месечен прием на родителите кај наставникот, заеднички разговори помеѓу родителите, учениците и наставниците, трибини за родителите... (Jevic i Urosevic, 1990).

Формите на соработка помеѓу семејството и училиштето можат да бидат различни (Jankovic i Rodic 2007). Некои со оглед на современите технички можности во меѓувреме ќе се појават, но сепак најчесто се применуваат: родителските состаноци, предавања за родителите, заради педагошка едукација и поголема воспитна компетентност. Родителските состаноци (групни, одделенски или општи) се погодни бидејќи овозможуваат размена на мислања и искуства на поширок план, како и кога е потребно присуство на стручно лице – гост (педагог, психолог, доктор, дефектолог). Останатите форми на соработка се однесуваат на допишување, телефонски контакт, или испраќање на порака по ученикот. Во поново време се користат и училишните web страници, e-mail, и училишниот електронски дневник. Во некои основни училишта во Финска на родителите им е овозможено преку вклучени камери да го погледнат часот и го видат однесувањето на своето дете. (Jankovic P, 2008)

Основните училишта во Скопје во соработката со родителите најчесто ги применуваат следниве форми на соработка: приемен час за родителите; посета на ученичките домови; родителски средби; соработка со родителите на учениците кои се упатуваат до педагошки, социјални и медицински установи; работа на оддленските родителски одбори и Советот на родители во училиштето. (Камчева-Лакинска Б. и Костова М, 1982)

Галиќ М ги набројува следниве највообичаени форми на соработка со родителите: родителските состаноци на кои се расправаат прашање од интерес за сите родители; потоа индивидуалните разговори на родителите со наставникот, стручните соработници, директорот, на кои разговараат за индивидуални работи за ученикот; писмени пораки од одд.раководител до родителите како облик на едукативен материјал или формални информации за родителите (препис на оцени, информации за поведение, информации за излет и сл.); и посета на наставниот на домот на ученикот; и секако присуство на родителите на училишни свечености, предавање за родители, но и предавања на родителите на пр. со цел професионална ориентација и слично. (Galić M, 2013)

Различните форми на соработка можат да се користат во различни временски периоди, во зависност од потребите и развојните фази на детето, достапноста на родителите и наставниците и од личните приоритети.

Направениот избор преставува само едно од можните но не и конечно непроменето решение на овој проблем.

### *2.3 Планирање на соработката меѓу родителите и училиштето*

Соработката помеѓу родителите и училиштето е составен дел на годишната програма на основа на која се изготвува временски распоред кој ќе ја опфаќа оваа соработка.

Соработката се планира во склад со можностите на училиштето, времето кое е на располагање, земајќи го во предвид образовното ниво на родителите, како и самата тематика на соработката. Основно-школската возраст е најзначаен и најкритичен период од становиштето на психолошките и адаптивните промени. Доаѓа до развој на сите ментални способности, каде водечката улога е препуштена на развојот на критичното мислење. Се јавуваат нови интереси и потреби на детето, меѓу кои и потребата за идентификација со другите. Со преминувањето во предметна настава се усложнува и самиот начин на организација и водење на наставата. Се зголемува бројот на предмети кои треба да се совладаат, а тоа може да доведе до појава на проблеми кои ја наметнуваат потребата од соработка на родителите и училиштето, во чија основа е квалитетот а не квантитетот на соработката.

Преминувањето во предметна настава не го прифаќаат сите деца подеднакво. Има ученици кои не можат да се навикнат на новите и поголемите обврски од петто (шесто деветолетка) одделение па понатаму, на новите наставници, и новите методи на оценување. Заради тоа соработката меѓу родителите и училиштето има двострана корист. Родителите добиваат помош во смисла на подобрување на воспитната работа со децата, ги оспособува за за решавање на проблеми околу учењето, успехот и однесувањето на нивните деца. Помошта на родителите од страна на училиштето се огледа и во осмислувањето на слободното време на детето и организацијата на разните слободни активности. Училиштето пак е побогато за нови сознанија за ученикот и родителите, исто така добива и информации за нивната заинтересираност за соработка и напредок на училиштето. (Prodanovic Lj, 2000)

# 3.СОРАБОТКАТА НА УЧИЛИШТЕТО И СЕМЕЈСТВОТО ПРЕКУ ЗАКОНСКАТА ЛЕГИСЛАТИВА И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ

## *3.1 Закон за основно образование*

Нормативниот пристап за вклученоста на родителите во училиштето во Македонија ќе го разгледаме од две страни: законската поставеност и актите на самите училишта и нивните органи на управување. Што се однесува до законската регулатива, родителите се претставени на сите нивоа: од училишните совети, преку Советот на родители, па се до Училишниот одбор, како орган на управување кој има 3 претставници од редот на родителите и тоа во зависност од големината на училиштето.

Според член 5 од Законот за основното образование (Службен весник бр.103 од 1 август 2008 година): Родителот, односно старателот на ученикот е должен да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание.

Според член 145 од Законот, за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите на учениците се формира Совет на родители на училиштето. Во овој совет има по еден претставник од секоја паралелка којашто го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Првото свикување на Советот на родителите го врши директорот на училиштето. Советот на родители:

- дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа;

- расправа за извештајот за работата на училиштето;
- предлага програми за подобрување на стандардите за наставата;
- дава согласност на предлозите на директорот за воведување повисоки стандарди;
- разгледува жалби на родителите во врска со воспитно-образовната работа;
- избира претставници во училишниот одбор на основното училиште и
- врши други работи утврдени со статутот на училиштето.

Ова им дава можност на родителите да бидат вклучени и да влијаат врз многу аспекти во образовниот процес. Одлуките на Училишниот одбор се донесуваат со мнозинство од гласовите од сите присутни (7 или 9 членови) а се однесуваат на многу прашања почнувајќи од планирањето на воспитно/наставниот процес, донесување статут на училиштето, но и даваат предлог за директор кој се доставува според новите законски прописи до градоначалникот на соодветната општина. Од една страна, Советот на родителите на секое училиште е основа за

соработка меѓу родителите и училиштето, ги дебатира прашањата од заеднички интерес за работа на училиштата и учениците и прашањата во врска со имплементацијата на воспитно/образовниот процес, барем според Статутот на едно основно училиште. Но, од друга страна, Советот на родители и неговите ингеренции се толку широки и советодавни што се чини дека оваа структура многу повеќе е формално присутна отколку суштински вклучена во животот на училиштето. Тоа го покажуваат и некои досега спроведени истражувања.

Со изменувањето и дополнувањето на Законот за основно образование се воведува и советување за родителите/старатели на ученици ако:

-ученикот во текот на наставната година има негативни оценки по три или повеќе предмети

-ученикот има направено повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци

-ученикот е недисциплиниран

-ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство

-ученикот покажува асоцијално или анти социјално однесување

-ученикот се однесува неморално или неетички

-во краток период на ученикот значително му опадне успехот.

Со имплементацијата на овие измени ќе се овозможи зајакнување на воспитната компонента преку активно вклучување на родителите, и нивно советување за успешен развој на нивните деца-учениците. Заинтересиран и информиран родител резултира со поквалитетно и повисоко образование за неговото дете.

### *3.2. Национална програма за равој на образованието во РМ (2005-2015)*

Во 2005 година Собранието на Македонија ја усвои програмата за „Развој на образованието во Република Македонија 2005-2015" изготвена од страна на Министерството за образование и наука и финансиски поддржана од Фондацијата Институт отворено општество Македонија (ФИООМ). Покрај нагласувањето на квалитетот на образованието, еднаквиот пристап за сите и образование адаптирано спрема поединецот и социјалните потреби, меѓу многуте поглавја во кои се опфаќаат сите степени на образование, во анексот број два во делот насловен како Соработка со родителите пишува дека: се афирмира родителскиот партнерски статус, се охрабрува и организира вклученоста на родителите во училиштата и во училниците, се бара вклученост на родителите во процесот на наставата, иницирање на модели на организирана соработка меѓу родителите и

учениците, итн. Значи патот за овој процес или за зајакнување на присустноста на родителите во животот и работата на училиштата беше отворен. Колку и како овој пат ќе се минува зависи од многу значајни и помалку значајни фактори.

### *3.3. Концепцијата за деветгодишно основно образование*

Концепцијата за деветгодишно основно образование (2007), меѓудругото се темели и на принципот на Партнертсво помеѓу училиштето, родителите и локалната средина. Овој принцпи се темели на три компоненти: (1) на обврската на училиштата да им обезбеди на родителите навремени и пристапни информации за она што се одвива во училиштето, а што е релевантно за школувањето на нивните деца, како и информации што се поврзани со работата и напредувањето на децата во училиштето; (2) овозможување целосна партиципација на родителите во донесувањето одлуки во училиштето, а што се однесуваат на воспитанието и бразованието на децата, како и со непосредно учество во планирањето и остварувањето на училишните активности во зависност од интересите на учениците и (3) отворање можности на родителите и на локалната заедница активно да го поддржуваат животот и работата на учениците во училиштето.

Во согласност со програмата за работа на основното училиште, на учениците и на нивните родители треба да им бидат добро објаснети целите на образованието, барањата на училиштето, како и правата и должностите на учениците, на наставниците и на родителите.

### *3.4. Статут на ООУ*

Статутот на училиштето подетално го разгледуваат делувањето на Советот на родители, неговите права, но и обврски. Според Статутот на ООУ "Гоце Делечев" – Штип, во член 87 се вели: ООУ (Општинското основно училиште) остварува непосреден контакт со родителите на учениците преку: наставникот, одделенскиот раководител, предметните наставници, директорот на ООУ, училишниот одбор на ООУ, како и преку Советот на родители на ООУ.

Член 88: За поуспешно остварување на воспитно – образовната дејност, ООУ користи соработка со родителите на учениците која се одвива преку индивидуални средби, организирани родителски средби, општи родителски средби и Советот на родителите.

Родителските средби се одржуваат по потреба, но најмалку 4 пати во текот на учебната година, секое тромесечие по една, а општите родителски средби по потреба.

Родителските средби се свикуваат:

- за да се информираат родителите со промените во образовниот систем;

- за да се изврши избор на родител во Советот на родители;

- да се информираат родителите за успехот и поведението на учениците;

- поради примена на педагошки мерки изречени на учениците поради непочитување на куќниот ред во ООУ од страна на учениците;

- поради информации за сите видови активности сврзани со воспитно-образовната работа.

Одделенските раководители се должни објективно, благовремено и непристрасно да ги информираат родителите за сите тековни проблеми произлезени од воспитно-образовната дејност.

Член 89: Права и должности на родителите се:

- да ги запишуваат децата во задолжителното основно образование и одговрни се за редовно посетување на ООУ од страна на ученикот;

- со наставниците и одделенскиот раководител го следи развојот на учениците;

- да се информираат за успехот и поведението на своето дете;

- да учествуваат во работата на Советот на родителите на ниво на ООУ доколку бидат избрани;

- да поднесуваат образложен приговор до наставничкиот совет на ООУ доколку не се задоволни со оценката на ученикот во рок од 3 дена од денот на соопштување на оценката.

Член 90: ООУ на родителите е должно да им овозможи тие да се организираат во:

-Совет на родители на ниво на ООУ, со цел за остварување на заедничките интереси на ООУ и родителите на учениците

Член 91: Во Советот на родителите има по еден претставник од секоја паралелка.

Родителите од секоја паралелка на почетокот на учебната година, а најдоцна до крајот на месец септември на родителска средба со тајно гласање избираат еден претставник во Советот на родителите на ООУ.

Со постапката на изборот раководи одделенскиот раководител.

Член 92: Мандадот на членовите на советот на родители на ООУ, трае четири години.

Член 93: Функцијата член на Советот на родителите на ниво на ООУ, на родителот му престанува и тоа:

- кога неговото дете го изгубило својството на ученик во ООУ ( со завршување на школувањето, со преминување во друго училиште и др.);

- по барање на родителот;

- со отповикување.

Кога родителот на ученикот престанува да биде член на Советот на родителите на ООУ се избира друг родител од истата паралелка, а со завршувањето на учениците во училиштето се врши кооптирање на родител на учениците од прво одделение.

Член 94: Првото свикување на Советот на родителите го врши дирекотрот на ООУ.

Советот на родители на ООУ работи на седници.

Советот на родители на ООУ по пат на предлог и со јавно гласање, со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови избира претседател и негов заменик.

Седниците на Советот на родители ги свикува и со нив раководи претседателот.

Претседателот ги свикува на седници по своја иницијатива, по барање на директорот, по барање на една третина од членовите на советот.

Член 95: Советот на родители на ООУ на седница по пат на предлагање и тајно гласање избира три члена претставници на родителите на учениците во Училишниот одбор.

Мандатот на овие членови трае се до завршувањето на основното образование на нивното дете, но не повеќе од три години.

Член 96: Советот на родители на ниво на ООУ ги врши следниве работи:

- дава мислење за предлогот на програмата за развој на ООУ и за Годишната програма за работа;

- расправа за извештајот за работата на ООУ;

- предлага програма за подобрување на стандардите за наставата;

- дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди;

- разгледува жалби на родителите во врска со воспитно – образовната работа;

- избира претставници во Училишниот одбор на ООУ;

- спроведува активности во ООУ за реализација на општествено корисна работа со учениците и активности за вклучувањето на ООУ во разни проекти;

-врши и други работи кои се од интерес за успешната работа на ООУ.

### *3.5.Програма за работа на Советот на родители*

Советот на родители работи по своја програма. Според Законот за основно образование, Советот на родители е орган кој се формира од родителите и негова задача е да ја следи, разгледува и да дава мислења за остварувањето на воспитно-образовната работа на училиштето. Училиштето како организација не е формирано и не постои само за себе. Аналогно на тоа училиштето како организациски ситем е повикано, пред се, заради неговата ефективност и ефикасност во извршувањето на работите, да соработува со сите учесници во воспитно – образовниот процес, со локалната средина, а пред се со родителите.

Советот на родители треба да придонесе во мобилизацијата на родителите и подигање на нивната свест за суштинската потреба од нивно активно вклучување и учество во подобрувањето и развојот на училиштето, како и развивање на гледиште дека училиштето треба да се сфати како втор дом на децата.

#### *3.5.1. Основни програмски содржини*

1. Конституирање на Советот на родители на ниво на училиште, избор на претседател, заменик, записничар;

2. Изготвување и усвојување на програма и деловник за работа;

3. Запознавње со Законот за основно образование и воспитание, со правата, обврските и одговорностите на учениците, нивните родители и училиштето (наставници, стручна служба, директор) што произлегува од законските прописи;

4. Следење и анализа на воспитно-образовниот процес и активно учество со давање конструктивни забелешки, предлози и можни идејни решенија, се во смисла на осовременување на наставата;

5. Следење на субјективното оптоварување, проверување и оценување на знаењата на учениците;

6. Учество на претставници од Советот на родители во одделенски совет, наставнички и при реализација на ученички екскурзии.

7. Изнаоѓање на начини за подобрување на хигиенско-техничките услови на училиштето;

8. Учество во осмислување и организирање на слободните ученички активности и слободното време на учениците;

9. Иницирање и организирање на општествено-корисна работа со учениците;

10. Партиципирање и анимирање на нови форми на културно-забавното и рекреативното живеење на учениците;

11. Афирмација и наградување на надарените ученици и помош на социјално загрозените и децата со интелектуална попреченост;

12. Изготвување на проекти со кои Советот на родители ќе аплицира на конкурси, а имплементацијата на истите ќе овозможи разрешување или минимизирање на постојните проблеми во училиштето;

13. Интензивирање на партнерска соработка со локалната средина, бизнис и невладиниот сектор, заради обезбедување на прогресивен развој и осовременување и модернизирање на образованието.

### *3.5.2. Примарни цели на Советот на родители*

1. Развивање на партнерство меѓу училиштето и Советот на родители;

2. Поддршка и предлагање на можни промени во воспитно-образовните принципи и цели преку разбирање и почит на индивидуалните разлики меѓу учесниците во образованието, особено децата;

3. Идентификација на приоритетните потреби што се однесуваат на децата во училиштето и имплементација на идеи ориентирани кон промени во училиштето и пошироко во заедницата;

4. Ефикасно самоорганизирање, инвестирање на време, енергија и постигнување на ефективни резултати во организирањето на проекти преку кои ќе се обезбедат финансиски средства за подобрување на квалитетот на образованието.

### *3.6. Проект: „Информиран родител (Е-ДНЕВНИК)“*

Информиран родител (е-Дневник) е проект кој што има за цел да ја подобри комуникацијата помеѓу наставниците и родителите, да овозможи брз и едноставен увид на информациите од дневникот од страна на родителите и наставниците во училиштето.

Родителите ќе можат да го следат образованието на своите деца на Интернет. Ним ќе им бидат достапни оценките, поведението и отсуството на децата, наставните содржини кои ќе се обработени на часовите и други информации за нивното секојдневие во училиштето. Проектот „Информиран родител“ е задолжителен за сите основни училишта во Македонија. Електронскиот дневник (е-Дневник) е веб апликација преку која со лозинка која ја добива на својата електронска пошта, на секој родител му е овозможен пристап само до податоците на своето дете.

Родителите во определен временски период ќе добиваат порака на својот мобилен телефон за тековните промени во е-Дневникот, така што континуирано ќе можат да ја следат својата промена поврзана со успехот и поведението на своето дете. (http://ednevnik.edu.mk)

Проектот „Информиран родител“ е-Дневник задолжително стапува во сила од учебната 2012/13 година.

## 4. ИСКУСТВА, ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ ЗА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ УЧИЛИШТЕТО И РОДИТЕЛИТЕ

Прашањето на соработка меѓу родителите и училиштето во светот добива се поголемо внимание и се побројни се истражувањата на оваа тема. Се развиваат различни модели за подобрување на вклучувањето на родителите од различни групи во училишниот живот, како на пример Американците (Koonce & Harper,2005) при што се истакнува вредноста на развивањето на капацитетите на училиштата како и на капацитетите на родителите за взаемна комуникација. Исто така проучуван е и ефектот и на комуникациските вештини на наставниот кадар, при што во едно истражување се покажало дека комуникациските вештини на наставниот кадар, нивната мотивација и начините на комуникација со родителите се особено значајни за вклучувањето на родителите во училишниот живот (Pang & Watkins,2000) Се развиваат различни програми кои би требало да дадат практични сознанија и резултати во насока на подобрување на вклучувањето на родителите во училишниот живот преку системски и училишни активности (Azzam, 2009). Уште еден начин на подобрување на партиципацијата е преку

вклучување на луѓе со различно искуство и од различни сектори за да се подобрат капацитетите на училиштата и да се развијат програми за подобро вклучување на раодителите во училишниот живот, при што се нагласува улогата на менувањето на сфаќањето за родителската мотивираност и компететнтност за партиципирање и потребата на родителите да се гледа како партнери. (Томовска А, 2010).

Училиштето не е и не може да биде изолирано од останатите сегменти и настани во општеството. Во некои земји овој систем се развива автентично согласно потребите на општеството и успева да стане парадигма за многу други образовни системи. Некои земји образованието го развиваат стихијно, без долгорочна визија за тоа што и колку треба да се вложува и што да се добие. Секогаш е корисно да се знаат другите искуства

### *4.1 Хрватска*

Целта за подобрување на соработката на родителите и училишето, како на неформално така и на формално ниво има јавна подршка во самото општество и е составен дел на законскаа легислатива во повеќе европски земји. Истото се однесува и за Хрватска, каде во Законот за воспитание и образование во основните и средните училишта (Narodne novine br 87, 2008) се внесени законските одредби кои налагаат соработка со родителите во донесувањето одлуки во училиштето. Иако се остварени законските одредби, воочливо е дека постои расчекор помеѓу прогласените намери и вистинското учество на родителите во животот на училиштето. Не е сосема јасно дали причина за тоа е недостаток на интерес од страна на родителие или училиштето.

Како би се испитал опсегот и начинот на учество на родителите во образованието на нивните деца, во Хрватска 2009 година спроведена е опсежна студија како дел од иницијативата За подобрување на квалитетот и вклученоста на родителите во земјите од Југоисточна Европа.

Главното истражување го спровела за тоа специјализирана агенција во есента 2009 година. Интервјуа се спроведени со 1122 родители на основношколски деца од 32 училишта од цела Хрватска (случаен стратифициран примерок). (Miljevic i Vizek-Vidovic 2009)

Главни резултати: **За родителите:** Мнозинството родители на соработката со училиштето пристапува на традиционален начин: училиштето го смета за одговорно за образованието, и родителите не сакаат да се мешаат доколку тоа од нив не се бара. Родителите во главно очекуваат иницијатива од страна на училиштето и тогаш мнозинството се вклучуваат...

Училиштето го гледаат како сигурно место за своето дете. Кога не се задоволни од училиштето тоа не е затоа што училиштето не ги прифаќа нивните иницијативи, туку затоа што сакаат уште нешто што училиштето треба да им понуди. Иако родителите начелно се задоволни од начинот на кој наставниците комуницираат со со нив, сепак би сакале да имаат повеќе информации за успехот на своето дете и повеќе можности за да го изразат своето мислење за некои битни одлуки кои се однесуваат на образованието на детето. На пример 91% од родителите никогаш не биле прашани за мислење за управување со училишните финансии, од 44% од нив никогаш не е побарано мислење за организација на училишните настани, 68% не се прашани за мислење за воннаставните активности, 69% не е прашано за мислење за здравјето и сигурносните прашања, 83% од родителите никогаш не биле прашани за работи кои се однесуваат на образованието (курикулум, учебници, оптеретеност на учениците), 71% од родителите никогаш не биле прашани за мислење за решавање на проблемите со дисциплинара и насилството меѓу учениците. Родителите сметаат дека училиштето треба да го побара нивното мислење за повечето споменати работи освен за прашањата поврзани со финансиите на училиштето.

Родителите кои се членови на училишните тела донекаде се разликуваат од останатите родители во однос на перцепцијата за вклученоста на родителите. Овие родители се повеќе партнерски ориентирани од останатите родители и спремни се вклучуваат во различни училишните активности.

**За директорите:** Директорите и родителите се разликуваат во перцепцијата за иницијативата за вклучување на родителите од страна на училиштето - директорите таа иницијатива ја сметаат за поголема. Од друга страна, проценката на родителите за својата вклученост е поголема од проценката на директорите. Постои обострано сложување за тоа кои се препреките за подобра соработка на родителите и училиштето- и двете страни се сложуваат дека тоа е родителскиот фактор. Мнозинството родители истакнале дека денес е тешко да се биде родител, се пожалиле на презафатеност од работа.

Во главното истражување, кога директно се прашани кој е одговорен за пречките во постигнувањето на подобра соработка меѓу родителите и училиштето и двете групи нагласиле дека во прашање е родителскиот фактор. (Тврдењето: Родителите не се заинтересирани за учество во училишните активности. Родителите немаат време да се информираат за за училишните активности). И наставниците и родителите се сложуваат дека најчести облик на соработка меѓу родителите и училиштето е родителскиот состанок.(Miljevic i Vizek-Vidovic 2009)

## 4.2 Црна Гора

Република Црна Гора во периодот од 2000 до 2009 година спровела силни реформи на образовниот систем во основното и средното образование. Стратешките цели на реформите биле поставени многу амбициозно. Еден од важните чинители на реформите, познат како нов пристап кон образованието е и партнерството- соработката со родителите.

Идеалното партнерство училиште-родители може да се дефинира како однос заснован на рамноправност, континуитет, взаемна почит на едни према други, отворена двонасочна комуникација и заедничка корист.

Годишниот план на секое училиште предвидува соработка со родителите која во пракса се покажува како спорадична комуникација која ја иницираат директорите и/или наставниците. Организационите капацитети на училиштето пак неминовно ја поставуваат кај училиштата иницијалната одговорност за развојот и квалитетот на партнерството со родителите. Сепак, партнерството не треба однапред да го дефинира односот на наставникот како иницијатор и родителот како примач и тоа само исклучиво низ утврдените форми и содржини на соработка кои училиштето ги нуди. Вистинската соработка-партнерство треба да се бара и преку заеднички договорени цели на соработка и норми на однесување за сите вклучени во партнерскиот однос.

Во периодот од 2008-2009 година во Црна Гора е спроведено истражување "Unapređivanje inkluzivnosti i kvaliteta obrazovanja u jugoistočnoj Evropi". (Forum MNE, 2009) Во истражувањето биле испитани ставовите на директорите на основните училишта за учеството на родителите во процесот на донесување на одлуки и воопшто во животот на училиштето, како и ставовите на родителите за можностите и пречките за нивно вклучување. Бил реализиран групни интервју со директорите, а потоа 145 од 161 директор пополниле анкетен лист. Истата процедура била запазена и кај родителите за испитување на нивните ставови.

Многу важен резултат од истражувањето зборува за тоа дека дури 83,2% од испитаните родители никогаш самостојно ниту во соработка со други родители не се обидело да изнесе некое свое мислење во врска со училиштето. Само овој податок е доволен доказ дека образовниот системтреба да обезбеди адекватни начини за учество на родителите и да ја продлабочи и во пракса примени законската регулатива која „само„ овозможува учество на родителите.

Резултатите од истражувањето покажуваат и дека финансиските прашања се затворени за родителите, додека организирањето на екскурзиите и вонннаставните активности, родителите се во главно вклучени. Сите вклучени актери ги

препознаваат предностите на поголемото родителско учество, но истовремено се фрустрирани од ограничувањата и неефикасноста на овој процес во пракса.

Според мислењата на директорите, одговорноста за ниското ниво на партиципација на родителите во процесот на образование и воспитание е на самите родители.Тие тврдат дека родителите не ја разбираат својата улога ниту пак надлежноста на Советот на родители, дека се неактивни како членови на Советот очекувајки „експозе„ од директорот па дури и кога нешто иницираат тоа се теми кои се од индивидуална природа и се однесуваат само на нивното дете. Сепак покрај недостатокот на време на родителите, директорите ги препознаваат и недоволните ресурси на училиштата да ги развијат и водат овие програми. Родителите пак 74% од анкетираните, многу јасно наведуваат дека имаат време и интерес активно да се вклучат во животот на училиштето. Истовремено, мнозинството од анкетираните тврдат дека се информирани од Советите на родители, но има и такви кои не ја знаат улогата и надлежноста на Советот, и како се станува член. Родителите, исто така тврдат дека некогаш тие или нивните преставници во Советот на родители и Училишниот одбор, не реагираат бидејќи се плашат од последиците кои може да ги сноси нивното дете како ученик во училиштето (Forum MNE, 2009)

Општиот закон за образование и воспитание (2002) во Црна Гора го регулира составот и надлежноста на Училишниот одбор, Советот на родители, а им остава можност на самите образовни институции да го регулираат изборот на членовите.Така Законот предвидува дека Советот на родители, покрај останатото е одговорен за избор на претставници на родителите во училишниот одбор, дека дава мислење за кандидатите за избор на директор на училиштето, дава мислење за предлог годишниот план за работа на училиштето. Истиот закон го регулира и составот на училишниот одбор кој предвидува учество на еден преставник од Советот на родители.

Форумот МНЕ (Форум Млади и неформална едукација) верува дека во значајна мера може и мора да се зголеми разбирањето на важноста на улогата на родителите, во подобрувањето на успехот, квалитетот на учење и развој на ученикот. На крај учеството на родителите во животот на училиштето мора значајно да се овозможи и со поповолно дефинирање на составот на Училишниот одбор.

### *4.3 Финска*

Според националните цели во образованието во Финска, секое училиште мора да обезбеди сите родители и старатели да имаат можност да партиципираат во

планирањето на активностите и евалуацијата на училиштето во кое нивните деца учат, заедно со наставниците и останатите ученици. Затоа е потребна активна иницијатива и интеракција со родителите од страна на наставниците како и појасно дефинирање на улогата на родителите, наставниците и учениците во рамките на процесот на соработка.

Родителите мора да имаат можност да се запознаат со културата која ја негува училиштето, да имаат право да го истакнат своето мислење во врска со образовните цели и нивната имплементација. Асоцијациите во кои се обединети родителите во Финска има 1100 локални асоцијации на родители со 200 000 ангажирани родители. Заедничка цел на овие асоцијации е комбинирање на ресурсите на родителите со цел да се изгради добра средина за учење и растење на нивните деца. Асоцијациите се стремат да влијаат врз националното мислење и одлуки. Најважни форми на ангажирање се поддршка при воспитување на децата и младите, влијание, советување, семинари за едикација, и т.н. парламент на родители каде тие се собираат еднаш годишно да дискутираат за тековни прашања.

На локално ниво, заеднички форми на соработка меѓу семејствата и училиштата вклучуваат состаноци со родителите на ниво на цело училиште, состаноци меѓу наставник и родители од одделни одделенија, како и состаноци меѓу наставник, ученик и неговите родители. Седејќи заедно на маса, сите имаат еднаква можност од различни гледишта да разменат идеи и мислења за прашања кои се однесуваат на развојот и едујацијата на ученикот. Развиени се повеќе локални модели на работа каде родителите, властите и невладините организации формираат мрежи за промовирање на благосостојбата на децата и младите. (Peltonen H, 2009)

### *4.4 Англија*

Кога родителите и старателите се вклучени во образованието на своите деца, тие постигнуваат подобри резултати на училиште. Ова е заклучок до кој е дојден благодарение на се поголемиот број на истражувања според кои вклучувањето на родителите има значаен ефект врз резултатите кои учениците ги постигнуваат во текот на училишната година.(Desforges C, 2003).

Многу родители сметаат дека одговорноста за едукацијата на нивните деца се споделува меѓу нив и училиштето. Исто така голем број на родители сакаат да бидат вклучени во едукацијата на нивните деца. Во една студија во Англија објавена во 2002 година, 72% од родителите рекле дека тие сакаат да бидат повеќе вклучени. (Williams B., Williams J., Ullman A., 2002)

Проектот Човечка димензија на образованието *(Human Scale Dimension)* (Carnie F. 2004) смета дека училиштата може да го дадат својот максимум во однос на нивните ученици ако на нивните родители се гледа како на автентични партнери, атоа бара нивно демократско вклучување во животот на училиштето. Во училиштата во Англија родителите како членови на управувачкото тело учествуваат во подготовките на училишната политика. Овој проект има за цел да ги разгледа начините на кои училиштата може да го вклучат ова управувачко тело на континуирана основа.

Се верувало дека родителите во Англија нема да го прифатат ваквото ангажирање, бидејќи веќе е доволно тешко да се натераат да дојдат во училиште освен за состаноци кога се работи за нивните деца. Се смета дека Англија не е земја каде постои традиција за соработка меѓу училиштето и семејството и дека родителите сметаат дека нивната задача е да ги донесат нивните деца на училиште, и дека нивното мислење за прашања поврзани со работата на училиштето не може ништо да промени. Но следнава студија на случај (case studies) покажува како родителите можат да одговорат позитивно кога им се дава можност да бидат ангажирани, вклучувајќи го ентузијастичкиот одговор за состаноци каде родителите со деца од исто одделение се состануваат со класниот раководител, родители кои ангажираат други родители и оние кои покажуваат волја да партиципираат на нов начин.

За да се истражи како родителите би можеле повеќе да се вклучат во животот на училиштето и во едукацијата на нивните деца *Human Scale Dimension* финансиски бил подржан од Одделот за едукација и вештини за едногодишен проект во периодот 2004/05 година. Проектот беше наречен *„Основање на совет на родители„* и имал за цел да ги истражи начините на кои родителите може да се вклучат во училиштата, да се охрабри културата на автентична партиципација и соработка. Од почеток се знаело дека поимот „совет на родители„ за различни поединци ќе има различно значење и дека училиштата ја имаат слободата да создадат моделимодели кои ќе одговараат на нивните околности.

Иако ова бил краткотраен проект, биле постигнати повеќе резултати меѓу кои:

- односите меѓу семејствата и училиштето се подобриле и се воспоставил канал на комуникација низ кој наставниците ќе може брзо да стапат во контакт со сите родители

- ако родителите имаат некој проблем тие може брзо да го решат преку претставници на одделението.

- како резултат на подобрената комуникација, многу родители се чуствуваат помалку изолирани

- добрата вертикална комуникација овозможува прашањата и идеите брзо да стигнат до врвот на училишната администрација

- родителите се многу повеќе вклучени во работата на училиштето и квалитетот на соработка и контактите меѓу актерите во овој процес многукратно се зголемени

Овој проект покажа дека родителите имаат начини на кој нивниот глас може да се слушне, и дека училиштето се трансформирало со тоа што станало пристапно, со отворени врати и средина која им посакува добредојде на сите.

### *4.5 САД*

На тлото на американскиот континет до 1978 година кога била објавена книгата – Одвоени светови: Односите помеѓу училиштата и семејствата, имало објавено само оклу триесетина научни трудови од оваа област, за да во 1998 година бројот на вакви публикации се зголеми дури до 450. Според Rajan & Adams оваа тенденција најверојатно е иницирана од нараснатата загриженост дека американските ученици покажуваат релативно пониски училишни резултати во меѓународните споредби. Ова интересирање би можело да биде поттикнато и заради се почестите забелешки на директните учесници во воспитно-образовниот процес (ученици, наставници, родители), дека бариери помеѓу училиштето и семејството постојат и тие негативно влијаат врз севкупниот напредок на децата.(Петровска С, 2005)

*Steinberg Lorens* (1996) во своето четиригодишно истражување заклучува ,,... нискиот училишен успех во Америка повеќе е условен од животот на учениците што го поминуваат надвор од училиштето, отколку од она што се случува внатре. Неговото истражување го потврдува ставот дека помеѓу двете најодговорни институции во доменот на воспитанието и образованието училиштето и семејството постојат бариери: двајца на секој десети родител нема никаква врска со училишниот живот на своите деца, само еден од пет ја следи училишната програма, една третина од учениците изјавиле дека нивните родители немаат престава за тоа што тие работат во училиштето, и само 30% од учениците изјавиле дека нивните родители секој ден посветуваат доволно време за разговори со нив. На крајот заклучува дека кога родителите се вклучуваат во образовниот ангажман на децата и соработуваат со училиштето тие добиваат повисоки оцени, постигнуваат повиски резултати на тестовите, пројавуваат позитивно однесување, и имаат позитивни ставови, а и почесто го продолжуваат своето образование.

Lightfoot, S.L.(1978) во своето дело критички расправа за недоволната и несодржајна соработка меѓу родителите и училиштето. Од една страна ја критикува неспособноста на училиштето да го вклучи семејството во своите активности, а од друга страна укажува на семејната незаинтересираност за присуство во училишниот живот.

Можеби најпроминентни обиди за интегрирање на родителите и училиштето (на Американска почва) преку оживотворување на нивните меѓусебни односи се Епштајновиот модел на родителска вклученост и моделот ИДРА (Асоцијација за истражување на интеркултурниот развој) за родителско лидерство. (Петровска С, 2005)

| Епштајнов модел | ИДРА модел |
|---|---|
| 1.Родителство | 1.Родителите како учители |
| 2.Комуникација | 2.Родителите како ресурси |
| 3.Волонтерство | 3.Родителите како одлучувачи |
| 4.Учење во домот | 4.Родителите како лидери и обучувачи |
| 5.Донесување на одлуки | |
| 6.Соработка со локалната средина | |

Секоја од предвидените форми на вклучување на родителите во образованието на нивните деца, во двата модела, се концепирани како развојни процеси кои во суштина и не се разликуваат. Епштајновата прва и четврта форма е компатибилна со формата на ИДРА –моделот означен како: Родителите како учители. „Комуникацијата„ се реализира низ сите четири фази на од ИДРА - моделот, а Епштајновото волонтерство соодветствува со родителите како ресурси. И „соработката со локалната средина„ како шеста форма на вклучување ги покрива двата чекори од ИДРА - моделт означени како „родителите како ресурси„ и „родителите како лидери и обучувачи„. (Петровска С, 2005)

И покрај широката прифатеност на посочените модели во практика на американските училишта, и стотиците трудови на вклученоста на родителите во воспитанието и образованието на децата се апострофира потребата од понатамошно унапредување на оваа соработка

## *5.* СОСТОЈБАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Да погледнеме сега што е досега пишувано за вклученоста на родителите во образованието во Република Македонија. Според Стоилковска (Стоилковска, 2004) добро е за училиштата да бидат отворени за проширување на идеите за родителската партиципација. Ако ја исклучиме формалната страна на активноста

на Советот на родители и на класните одбори, „во нашата држава премалку е направено за реализирање проекти за вклученоста на родителите во училиштата и нивно информирање". Претседателот на Советот на родители треба да се сретнува со директорот на училиштето еднаш месечно заради планирање и имплементирање на родителските активности кои треба да се во согласност со училишните програми. Таа истакнува дека истражувањата покажале дека партнерството со родителите придонесува за побрз воспитен/образовен развој на учениците на обострано задоволство. Секое училиште што ќе успее да ги „донесе" родителите во нивните работни простории ќе ги подобри училишните услови, затоа секое училиште треба да обезбеди подобри услови и добра атмосфера за родителите. Заради ова Стоилковска предлага обука на наставниот кадар во правец на охрабрување и прифаќање на родителите во училиштето и развивање на потребните вештини од страна на наставниците. Заради ова неопходно е да се обучат и родителите согласно потребата за нивно вклучување во училишните активности и начините како тоа да се направи. Најпосле, заедничката работа на родителите и наставниците во создавањето на подобри услови за вклученоста на родителите е сигурно решение за успех. Училиштето, според неа, треба да ги преземе следниве чекори во правец на создавање позитивни услови што ќе го охрабри вклучувањето на родителите:

а. Развивање на план за подобрување на партнерството со родителите;
б. Дизајнирање прашалник за родители со што ќе се осознаат можностите и ставовите за нивно вклучување;
в. Да се пронајдат и усвојат потребните вештини за работа со родителите и семејствата на учениците;
г. Да се пронајдат начини како да се стане продолжеток на семејството, да се обезбеди континуитет меѓу двете средини.

Според Ѓоргиевска (2004) програмата „Родителско-училишна соработка", што била спроведена во 56 основни училишта во Македонија, како дел од реформите во образовниот процес, имаше како генерална цел промовирање на улогата на родителите во училиштата и нивна вклученост и поддршка на учениците и на наставниот кадар. Оваа програма имаше задача да ги зајакне капацитетите на родителските совети во училиштата заради нивно активно и плодно вклучување во животот и работата во училиштата и подобрувањето на квалитетот на образованието преку вклучувањето на родителите. Специјални цели беа: зголемувањето на свеста за важноста, активната вклученост и поддршката на родителите и локалната заедница во подобрувањето на воспитно/образовниот процес; зајакнување на соработката и комуникацијата на учениците, родителите , советите на родители, директорите и менаџерскиот тим во некои училишта во Македонија; подобрување на условите за работа на определн број на училишта во

Македонија. Оваа програма даваше поддршка на советите на родители со мали финансиски грантови и опрема. Проектите беа финансирани врз основа на претходно дебатирани приоритети, и преку учество на родителите со работна сила и финансиска поддршка на канцеларијата на Catholic Relief Services. Како резултат на оваа програма Ѓоргиевска ги истакнува трите мрежи на родителски совети во Охрид, Битола и во Струмица. (Ѓоргиевска Г. наведено во Атанасов П. 2008)

Ристевска и Ѓоргиевска (2004) во својата статија посветена на „Прирачник за родителите на учениците во основното образование", прозведен како резултат на проектот за „Граѓанско образование" поддржан од ЦРС и УСАИД, го претставуваат како сериозен обид за поттикнување на вклученоста на родителите со давање рамки и отворање на сите предизвици како насока за помош на родителите во многу задачи, идеи и цели во образованието на нивните деца. Во овој прирачник се објаснува целата процедура како родителите се организирани во реалноста и согласно Законот, од класните родителски одбори преку Советот на родители, па се до Училишниот одбор. На овој начин, според прирачникот, родителите ќе придонесат за подобрување на училишната активност, ќе се подобрат резултатите на учениците и ќе се промовира училиштето во локалната заедница. Ако се постигне ова, тогаш децата училиштето ќе го чувствуваат како втор дом. (Ристевска и Ѓоргиевска наведено во Атанасов П. 2008)

Уште еден Прирачник е создаден, иако за потребите на средното образование, преку проектот „Активности во средното образование", како поддршка од страна на USAID за менаџирање на училиштата во процесот на децентрализација. Целта беше да се презентираат практични совети и насоки за помош на сите партнери и учесници во управувањето со училиштата во нивните секојдневни предизвици и средини. Во овој проект од наш интерес се поглавјата за Односите со родителите и Партнерството помеѓу училиштето, заедницата и родителите. Во Односите со родителите се зборува за потребата за комуникации, размислувања и одговори на сите проблеми што произлегуваат од овој двостран однос. Во Партнерство со учесниците во процесот се истакнува дека инклузијата на родителите во менаџментот на училиштето подразбира двострана комуникација меѓу училиштето и родителите. Училиштето треба да овозможи обострана интеракција меѓу родителите и училиштето во текот на воспитно/образовниот процес. Родителите треба да се вклучат на дневна основа во активностите на нивните деца, да бидат партнери во процесот на одлучување за прашања што се од интерес за нивните деца и образованието, да бидат дел од процесот на планирање и одлучување како и мониторингот и евалуацијата на училишната работа. Во Македонија, со имплементацијата на 9 годишно основно воспитание и образование и воведување

задолжително средно образование, улогата на родителите станува поголема во насока на активен фактор во воспитно/образовниот процес. (Атанасов П, 2008)

Во многубројни студии вклученоста на родителите е прикажана како критичен фактор во подобрувањето на пристапот до образованието и неговиот квалитет. (Carneal, Pozniak, 2004) Родителите и другите членови на заедницата може да станат активно ангажирани во барањата и придонесот за остварувањето на квалитетно образование за нивните деца. Во 1998 година CRS започна проект финансиран од USAID за граѓанското образование во 120 основни училишта во Македонија. Активното вклучување на родителите беше особено важно во зајакнувањето на идејата за граѓанско образование надвор од училниците. За време на проектот Catholic Relief Services одржа работилници со сите совети на родители за подигнување на свеста за тоа што учат нивните деца и како тие може да го поддржат нивното учење. Евалуацијата на проектот покажа дека родителите повеќе се вклучуваат во животот и работата на училиштата како резултат на оваа програма. Родителите учеа од нивните деца за граѓанското образование и како да ги поставаат прашањата што се значајни за нив. (Carneal, Pozniak, наведено во Атанасов П. 2008)

## 6.Кои се перспективите во однос на соработката на родителите со училиштето

Многу книги се напишани за соработката меѓу семејството и училиштето, и сите во суштина се сведуваат на тоа дека родителите треба што повеќе да бидат вклучени во воспитно-образовниот систем на училиштето, што почесто да разговараат со наставникот, и заеднички да ги дијагностицираат и решаваат проблемите.

Голем број истражувања покажале дека различните форми на соработка почнувајќи од наједноставните како што се информирање и консултирање со родителите, учеството на родителските состаноци, па се до посетата на часовите ќе им помогне на наставниците во работата со учениците, и во подготвувањето на родителите за вклучување во посложени облици на партиципација, како што е учество во процесот на одлучување. Овие активности помагаат на родителите да го разберат начинот на кој училиштето функционира, структурата и организацијата на училиштето, училишниот курикулум, и го потикнуваат развојот на компетенциите за соработка со училиштето (Cotton, 2000). Затоа е важно во рамките на добро испланираниот долгорочен програм, на родителите да им се понудат најразновидни активности во кои можат да се вклучат во однос на префернциите, обврските и способностите/вештините. (Vranjesevic J, 2009)

За да се дојде до успешна имплементација, односно за да се унапреди соработката помеѓу семејството и училиштето и да се поттикне вклучувањето на родителите во различните аспекти на училишниот живот, потребно е се случат промени на неколку различни нивоа:

1.Во добро испланиран долгорочен програм, на родителите да им се понудат најразлични активности во кои би можеле да се вклучат во однос на нивните желби, обврски и способности. Ова се однесува на разни форми на партиципација како што се информирање и консултирање на родителите и нивното активно учество на родителските состаноци, па се до посета на часови, помош на наставникот во работата со учениците, учество во изработката на училишните развојни планови и учество во различни училишни тимови кои се занимаваат со организација на наставните и воннаставните активности, учество во разни образовни проектикои се одвиваат во училиштето / во кои училиштето е вклучено.

2.Бидејќи Советот на родители има значајна улога и овластување во регулирањето на животот на училиштето, важно е да се воспостави механизам преку кој Советот на родители ќе биде вистински преставник на родителите и преку кој ќе се остварува вистинска двосмерна комуникација.

3. Со оглед на тоа дека родителите во најголема мера се упатени на соработка со наставниците и со нив имаат најмногу контакти, важна задача за наставниците е да креираат таква атмосвера во која родителите ќе бидат поттикнати да се вклучат на различни начини во работата на училиштето. Затоа е потребно добра професионална подговеност на идните наставници и квалитетно стручно усовршување на постоечките кадри. (Vranjesevic J, 2009)

Соработката значи заеднички да се работи, или да се работи со некого. Можно е некои работи да се работат индивидуално, и со самостојна работа да се заврши некоја задача. Но има работи и сложени задачи за чие извршување соработката со другите, односно заедничката работа е неопходна. Такво е на пример полето на воспитанието, каде најповикани на заедничко дејствување се родителите - семејството и наставниците – училиштето. (Jankovic P, 2008)

Д-р. Јанковиќ П. (2008), перспективата и унапредувањето на добрата соработката ја гледа преку: адекватно програмирање и планирање на соработката, добра професионална подготовка на наставниците, потполна двострана информираност, аворитет на наставникот, родителите како партнери и активни учесници во воспитно-образовниот процес, соработката да е перманентна не повремена, да се чува стекнатото двострано поверение, и поголемо мотивирање на родителите да покажат интерес за училиштето и благовремено нивно вклучување во активностите на училиштето.

Аналитичките резултати од големиот број на истражувања покажуваат дека учеството на родителите во животот на училиштето генерално е незадоволувачко а и кога е присутно тоа е ограничено само на одреден вид на партиципација. Евидентна е потребата од развивање и примена на нов модел кој ќе ја зголеми партиципацијата на родителите и ќе допринесе да се развијат нови видови на комуникација помеѓу сите субјекти вклучени во процесот на воспитание и образование. Отворениот ден во училиштето (заеднички отворена врата) еден ден во полугодието, кога сите наставници мораат да бидат присутни, ден кога учениците доаѓаат со родителите и се запознаваат со работата на училиштето. Овој модел на сорабтка им нуди можност на родителите во неформална атмосвера да се дружат со наставниците/одделенските раководители и децата и да разговараат за теми кои се однесуваат на нивните деца и училиштето, а истите не се покриваат на родителските состаноци. Преку различни испланирани активности, родителите се во можност да ги видат постигањата на своето дете на дело, да ги проверат своите знаења и вештини да учествуваат во различни предизвици и да се дружат. Ваквиот модел на соработка нуди можност за превземање на поголема иницијатива од страна на родителите, како изнесување на свои предлози, и учество во самата реализација на настаните. (Polovina N, 2008)

Во перспектива унапредувањето на добрата соработка помеѓу наставниците и родителите може да се реализира и преку имплементирањето на проектот Информиран родител (е-Дневник), преку кој родителите можат да ги следат постигањата на своите деца на Интернет. Ним ќе им бидат достапни оценките, поведението и отсуството на децата, наставните содржини кои ќе се обработени на часовите и други информации за нивното секојдневие во училиштето. Електронскиот дневник (е-Дневник) е веб апликација преку која на секој родител му е овозможен пристап само до податоците на своето дете.

Родителите во определен временски период добиваат порака на својот мобилен телефон за тековните промени во е-Дневникот, така што континуирано можат да ја следат промената поврзана со успехот и поведението на своето дете. (http://ednevnik.edu.mk)

Како да се подобрат резултатите од учењето на учениците е горливо прашање во совеременото училиште. Подобрувањето на делувањето на училиштето незамисливо е без вклучување на родителите, бидејќи сите истражувања доследно ја поткрепуваат идејата за партнерски однос меѓу родителите и наставниците во интерес на учениците-училиштето. Улогата на семејството во воспитанието на децата е важна како во минатото така и денес, и затоа со воспоставувањето на партнерството ги спојуваме училиштето и семејството со цел јакнење на успехот на нашите деца и нашите ученици. Вистинското делење

на моќта и одговорностите е суштината на *партнерството* помеѓу семејството и училиштето. Училиштето треба да ги отвори своите врати за родителите и да ги поттикне да се вклучат во јакнењето на училишната заедница, а истовремено родителите треба да ја препознаат својата улога и сами да иницираат партнерство низ дијалог и мора да бидат свесни за своите права но и одговорности и обврски во образованието на своите деца. (Ferhatovic S, 2008).

Визек Видовиќ и соработниците (2003) неведуваат низа на практични совети како да се зголеми квалитетот на соработката. Имено комуникацијата со родителите би требало да се воспостави на почетокот на училишната година, а не тогаш кога ќе се појави некој проблем. Комуникацијата треба да се одржува во текот на целата школска година преку различни форми на соработка и неформални контакти. Наставникот би требало што подобро да ги запознае родителите на ученикот, и низ заеднички разговор да утврдат на кој начин родителите би можела да се вклучат во животот и работата на училиштето (да учествува на излетите, екскурзиите, да биде помагач на наставникот, да држи работилници во училиштето или да пружа помош во уредувањето на училиштето и училишната околина) (Vidović V, 2003)

Во досегашната училишна пракса, соработката меѓу семејството и училиштето е сведена на родителски и информативни состаноци. Родителите најчесто се заинтересирани за увид во оцените на детето, а за останатите сегменти од животот на училиштето знаат малку или незнаат ништо. Со оглед дека новата соработка е обостран интерес, и училиштето и родителите неопходно е да превземат чекори таа соработка да се оствари што поскоро и во што поголем обем. Тие чекори се следни: постојано повикување на родителите да се вклучат во процесот на воспитание и образование, на што имаат право а и по законот се обврзани: развивање на родителски вештини (вклучување на родителите во воннаставните активности); барање да бидат вклучени во утврдувањена целите на училиштето, во развојот и оценувањето на наставните програми, учебници и училишна политика; потребно е, транспарентно, да се информираат родителите за работата на училиштето и на тој начин да се придобие нивната доверба; периодично организирање на средби помеѓу директорот- управата на училиштето и родителите, на кои би се разговарало за проблемите и можните решенија, на кои средби на родителите ќе им биде овозможено да ги изнесат своите мислања, и би биле усвоени нивните сигестии. (Roditelji-partneri škola – Stavovi direltora škola o učešću roditelja u školskim aktivnostima, 2009)

Заклучокот кој на крај би го извлекле оди несомнено во прилог на неопходноста за соработка меѓу семејството и училиштето. Заради тоа училиштето и семејството заедно и секоја на свој начин посебно стојат пред новите предизвици на кои изолирано едно од друго не можат компетентно да одговорат, туку само преку

продуктивна соработка и мегусебно надополнување. Секој  друг пат би бил тежок. Впрочем, можеби ниедно подрачје на човечко делување не бара толкава заедничка работа, соработка и разбирање колку што е потребно за воспитанието на човекот.

# II Методологија на истражувањето

## 1.Предмет на истражувањето

Соработката на родителите и училиштето, како основни фактори на воспитание, посебно е важна. Со оглед на интензитетот и долготрајноста на воспитното влијание на овие два фактори, може да се претпостави дека тие најмногу можат да придонесат за намалување на негативните последици како резултат на пропусти во воспитанието, предизвикани од лошото или неускладеното дејствување на поедини фактори. Од тука наш предмет на ова истражување е реализацијата **на соработката на родителите во современото основно училиште**.

## 2.Цел и задачи на истражувањето

Од предметот произлегуваат и целта и задачите на идејниот проект.

Цел на ова истражување е да се **испита дали основното училиште и родителите остваруваат успешна соработка, кои се најчести форми на соработка, како и идентификување и утврдување на препораките за подобрување на истата.**

Поставени се следниве задачи на истражување

1. да се испита мислењето на родителите за успешноста на соработката со училиштето;

2. да се испита каква е соработката меѓу одделенскиот раководител и родителите;

3. да се испита дали родителите се запознаени со правата и должностите кон училиштето;

4. да се испита колку работата на Советот на родители е транспарентна (колку родителите имаат навремени и точни информации за целокупната работа на училиштето) ;

5. да се испита дали училиштето ги информира родителите за воннаставните активности;

6. да се испита кои форми на соработка меѓу семејството и училиштето се најзастапени во училиштето;

7.да се испита кои фактори ја отежнуваат-попречуваат соработката во училиштето;

8. да се испита мислењето на наставниците за успешноста на соработката со родителите;

9. да се испита постои ли статистички значајна разлика во мислењето на родителите и наставниците за успешноста на соработката со училиштето.

## 3. Хипотези на истражувањето

Поаѓајки од поставените цел и задачи на истражувањето произлегоа следниве хипотези:

*Општа хипотеза:* Постои успешна соработка помеѓу родителите и основото училиште.

Посебни хипотези:

1.родителите имаат позитивни мислења во врска со успешноста на соработката со основното училиште;

2. соработката меѓу родителите и одделенскиот раководител е успешна;

3. родителите се запознаени со нивните права и должности кон училиштето;

4. во училиштето работата на Советот на родители е транспарентна ;

5. училиштето ги вклучува-информира родителите за воннаставните активности

6. родителските состаноци се најзастапена форма на соработка меѓу семејството и училиштето;

7. факторот немање слободно време ја отежнува/попречува соработката на родителите во училиштето;

8.наставниците имаат позитивни мислења во врска со успешноста на соработката со родителите;

9. не постои статистички значајна разлика во мислењето на родителите и наставниците за успешноста на соработката со училиштето.

## 4.Варијабли на истражувањето

Во склад со поставените цели и задачи на истражувањето независна варијабла преставуваат факторите кои влијаат врз успешната соработка помеѓу училиштето и родителите:

-искуството/работниот стаж на наставниците,
-наставникот како одделенски раководител или предметен наставник
-образовното ниво на родителите
-активностите на родителите

Зависна варијабла во ова истражување претставува: соработката на училиштето со родителите (односот, содржините и формите на соработка)

## 5.Популација и примерок на истражувањето

Во истражувањето се опфатени популациони категории од наставници и родители од ООУ Гоце Делчев - Штип, ПОУ во населба Три Чешми, ООУ Ванчо Прќе-Штип, ООУ Димитер Влахов-Штип

Во истражувањето се определивме за примерок од по 4 родитела на ученици по случаен избор, родител на секој петти ученик запишан во дневникот на паралелката од секоја паралелка од четврто до осмо одделение во ООУ Гоце Делчев – Штип и ПОУ во населба Три Чешми, ООУ Ванчо Прќе-Штип, ООУ Димитер Влахов-Штип. Примерокот на наставници ги опфаќа сите наставници од прво до осмо одделение, во ООУ Гоце Делчев и ПОУ во населба Три Чешми, и по 30 наставници од ООУ Ванчо Прќе-Штип и ООУ Димитер Влахов-Штип

Структурата на примерокот е наведена во табелите бр. 1,2,3,4,5,6,7,8

Табела бр.1 Основна структура на примерокот

| Основна структура на примерокот | | стратум | Испитаници- анкетирани | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општинско основно училиште | | | наставници | | родители | |
| | | | f | % | f | % |
| 1 | ООУ Гоце Делчев | Штип | 35 | 33.65 | 89 | 51.14 |
| 2 | ПОУ Три Чешми | Штип | 9 | 8.65 | 21 | 11.41 |
| 3 | ООУ Димитар Влахов | Штип | 30 | 28.85 | 34 | 18.48 |
| 4 | ООУ Ванчо Прќе | Штип | 30 | 28.85 | 30 | 16.30 |
| Вкупно: | | | 104 | 100% | 174 | 100% |

Табела 2. Структура на примерокот во однос на работното искуство -наставници

| Р. б | Стратум | до 10г. | 10-20 г. | 20-30г. | над 30 г | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ Гоце Делчев | 4 | 16 | 10 | 5 | 35 |
| 2 | ПОУ Три Чешми | / | 3 | 5 | 1 | 9 |
| 3 | ООУ Димитар Влахов | 8 | 6 | 12 | 4 | 30 |
| 4 | ООУ Ванчо Прќе | 8 | 8 | 10 | 4 | 30 |
| | Вкупно | **20** | **33** | **37** | **14** | **104** |

Табела 3. Структура на примерокот во однос на возраста - наставници

| Р.б | Стратум | Помалку од 35г | од 35 - 45 год. | од 45 - 55 год. | над 55 год. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ Гоце Делчев | 4 | 14 | 14 | 3 | 35 |
| 2 | ПОУ Три Чешми | / | 5 | 4 | / | 9 |
| 3 | ООУ Димитар Влахов | 5 | 9 | 9 | 7 | 30 |
| 4 | ООУ Ванчо Прќе | 7 | 6 | 14 | 3 | 30 |
| | Вкупно | **16** | **34** | **41** | **13** | **104** |

Табела 4. Структура на примерокот во однос на возраста - родители

| Р.б | Стратум | Помалку од 35 г | од 35 - 45 год. | од 45 - 55 год. | над 55 год. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ Гоце Делчев | 29 | 53 | 7 | / | 89 |
| 2 | ПОУ Три Чешми | 8 | 7 | 6 | / | 21 |
| 3 | ООУ Димитар Влахов | 9 | 16 | 9 | / | 34 |
| 4 | ООУ Ванчо Прќе | 8 | 13 | 9 | / | 30 |
| | Вкупно | **54** | **89** | **31** | **/** | **174** |

Табела 5. Структура на примерокот во однос образование - родители

| Р.б | Стратум | основно | средно | вишо | високо | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ Гоце Делчев | 10 | 53 | 3 | 23 | 89 |
| 2 | ПОУ Три Чешми | 4 | 10 | 2 | 5 | 21 |
| 3 | ООУ Димитар Влахов | 6 | 12 | 4 | 12 | 34 |
| 4 | ООУ Ванчо Прќе | / | 13 | 3 | 14 | 30 |
| | Вкупно | **20** | **88** | **12** | **54** | **174** |

Табела 6. Структура на примерокот во однос на реализација на одделенска и предметна настава - наставници

| Р.б | Стратум | Одделенска настава | Предметна настава | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ Гоце Делчев | 16 | 19 | 35 |
| 2 | ПОУ Три Чешми | 5 | 4 | 9 |
| 3 | ООУ Димитар Влахов | 15 | 15 | 30 |
| 4 | ООУ Ванчо Прќе | 15 | 15 | 30 |
| | Вкупно | **51** | **53** | **104** |

Табела 7. Структура на примерокот во однос пол - наставници

| Р.б | Стратум | машки | женски | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ Гоце Делчев | 5 | 30 | 35 |
| 2 | ПОУ Три Чешми | 4 | 5 | 9 |
| 3 | ООУ Димитар Влахов | 11 | 19 | 30 |
| 4 | ООУ Ванчо Прќе | 10 | 20 | 30 |
| | Вкупно | **30** | **74** | **104** |

Табела 8. Структура на примерокот во однос пол - родители

| Р.б | Стратум | машки | женски | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ Гоце Делчев | 29 | 60 | 89 |
| 2 | ПОУ Три Чешми | 9 | 12 | 21 |
| 3 | ООУ Димитар Влахов | 13 | 21 | 34 |
| 4 | ООУ Ванчо Прќе | 12 | 18 | 30 |
| | Вкупно | **63** | **111** | **174** |

## 6. Карактер на истражувањето, истражувачки техники и инструменти

### 6.1. Карактер на истражувањето

Ова истражување ќе има емпириски карактер со оглед на начинот на доаѓање до податоците. Тоа може да се одреди и како трансферзално, според пристапот на појавата која ќе се истражува односно како дескриптивно, со оглед на поставените цели и задачи на истражување

### 6.2 Методи, техники и инструменти

Основна метода која која ќе се користи во ова истражување е дескриптивната метода со нагласен компаративен пристап на појавата која ќе се истражува.

Од техниките на истражување ќе се примени анкетирање, постапка на проценување и просудување и анализа на содржина на школската документација.

Основени инструменти кои ќе се користат за собирање на податоците се анкета и скала на проценка. Прашањата ќе бидат концентрирани и надгледувани на две нивоа: постоечка соработка и мислења за соработка.

Со оглед дека постојат разлики во соработката која ја оставрува наставникот како одделенски раководител и како предметен наставник, а со цел да се добијат што попрецизни резултати, наставниците пред одговарањето на прашањата ќе им се потенцира да тоа го прават во улога на одделенски раководители.

Со техниката анализа на содржина ќе се анализираат следниве документи: годишен план и програма на училиштето, годишен извештај, дневник за работа, т.е. евиденција за доаѓањето на родителите во училиштето, записници од родителски состаноци, извештај од работа на советот на родители

## 7.Обработка на податоците од истражувањето

Добиените податоци ќе се обработуваат квантитативно и квалитативно, со цел дескрипција на поедините варијабли, фреквенција и процент. За утврдување на степенот на поврзаност на варијаблите ќе користиме коефициент на контингенција, и ќе го користиме хи-квадратот (X-2), како тест на значајност на разликите меѓу емпириските и теоретските дистрибуции.

## 8. Организација и тек на истражувањето

Процесот на истражување се одвива низ испреплетени серии од теоретски и емпириски активности кои се одвиваат помалку или повеќе по утврден редослед. Пред да се презентираат временските рамки во кои ќе се извршува

истражувањето, заради конзистентност, уште еднаш хронолошки ги наведуваме фазите низ кои помина ова истражување:

1. Избор и анализа на истражувачкиот проблем
2. Одредување на област на научната анализа
3. Поставување на хипотеза
4. Идентификација, класификација и операционализација на варијабилите
5. Утврдување на дизајнот (нацртот) на проектот
6. Избор и разработка на методот, постапките и инструментите
7. Планирање и спроведување на теренскиот дел на истражувањето (собирање на емпириска евиденција)
8. Средување и обработка на податоците
9. Анализа и интерпретација на податоците и изведување заклучоци

Истражувањето се реализираше од јуни до септември 2013 година.

## 9. Етика во истражувањето и одговорен истражувач

Составен дел на секое научно истражување е рамноправното учество и примена на етиката и етичките норми во секоја негова фаза. Истражувачот има етичка одоговорност кон оние кои се предмет на истражување, кон соработниците во истражувањето, можните нарачатели/спонзори и кон јавноста. Постојат неколку принципи кои треба да се почитуваат во секое истражување. Тие се: принципот на доброволно учество што подразбира дека учесниците доброволно се согласуваат да учествуваат во него. Потоа тука спаѓа т.н. информирана согласност што подразбира дека учесниците во истражувањето мора да бидат целосно информирани за процедурите во истражувањето и мора да дадат нивна согласност. Секој учесник во истражувањето ќе може да го одбие учеството во истражувањето во било кој момент и заради било која причина. Скоро сите истражувања гарантираат доверливост на информациите. Во истражувањето се почитува принципот на анонимност што значи дека идентитетот на учесниците не се елаборира на јавноста.

# III Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

## 1.Анализа на содржините на Развојниот план, Годишната програма, Годишен извештај на училиштето, Дневникот за работа на наставникот

Целта на нашата анализа на содржините од Развојниот план, Годишната програма, Годишен извештај на училиштето, Дневникот за работа на наставникот е да се види реализацијата на соработката на родителите со училиштето. Со оглед на тоа дека истаржувањето е реализирано на крајот на учебната 2012/13 година, земани се документи од учебна 2012/13 година. За анализа избрани се по два дневника од секое одделение.

Анализирана е содржината од Развојниот план, Годишната програма, Годишен извештај, Дневникот за работа на наставникот од Основното општинско училиште „Гоце Делчев“ поради поголемата достапност на информации, како училиште во кое работам, слобода во работењето, соработка со училишниот педагог и директорот.

Од спроведената анализа на Развојниот план на ООУ „Гоце Делчев“-Штип 2010-2013, може да издвоиме дека училиштето меѓу другите ги истакнува и следниве приоритети и насоки на делување за периодот 2010-2013 година: *„Родителите – активни партнери на училиштето“* и *„Подобрување на информираноста на родителите и нивното вклучување во работата на училиштето и креирање на училишната политика“.*

Од спроведената анализа на содржината на Годишната програма на ООУ „Гоце Делчев“-Штип, за учебната 2012/13 година, може да издвоиме дека, во училиштето се планира соработката со родителите преку нивно активно вклучување во работата на Советот на родители, Училишниот одбор, преку организирање на Ден на отворени врати на училиштето, родителски групни и индивидуални средби, средби на родителите со наставниците, одделенските раководители, стручните соработници и директорот на училиштето. Исто така училиштето подготвува програми и реализира активности за одбележување на значајни прослави: Патронен празник на училиштето (ден на училиштето), државни празници, јубилејни празници, завршување на наставната година и друго. Овие активности задолжително се планираат за да можат учениците да ги презентираат резултатите и постигањата пред родителите и другото население во пошироката средина. И самата Мисија на училиштето е во насока на воспоставувањето на добрата соработка со родителите и гласи: ***„Сакаме да станеме безбедно и отворено училиште кое добро соработува со родителите во современи услови за работа кое ќе овозможи на сите ученици да бидат успешни и сестрани личности со квалитетни и применливи знаења“.***

Во делот на подрачја на промени и приоритети за учебната 2012/13 е предвидено: *„Подобрување на информираноста на родителите и нивното вклучување во работата на училиштето и креирање на училишната политика".*

Од спроведената анализа на содржината на Годишниот извештај на ООУ „Гоце Делчев"-Штип, за учебната 2012/13 година, може да издвоиме дека во училиштето се реализирале следниве содржини:

-Организација и реализација на програма за едукација на родителите

-Анкетирање на родителите за потребите во воспитно образовниот процес на учениците

-Изработка на Правилник за однесување на учениците, родителите и вработените во ООУ

-Осмислување на начин на вклучување на родителите во реализација на наставните содржини и слободните активности

-Вклучување во процесот на одлучување преку преставниците во Советот на родителите и училишниот обор за прашања од значење за работата на училиштето и функционирањето на образовниот систем воопшто се во интерес на своето дете

-Обука на родителите за изработка на содржини за поставување на веб страната

-Мотивација на родителите за присуство на седниците на Советот на родители

-Корелација на Советот на Родители со останатите органи во ООУ

-Вклучување на родителите во рализацијата на наставните содржини и слободните активности: *изработка на нагледни средства; учество во подготовка на приредби; учество во уредување на паноа во училиштните холови; учество во воннаставни активниости; учество во јавни часови; вклучување на родителите во работилници; присуство на родители-претставници од Советот на родители на екскурзии; изготвување на програма за екскурзии во присуство на родител и нејзина презентација пред Совет на родители; поставување на сандачиња за забелешки на родителите.*

Од спроведената анализа на содрината на Дневникот за работа на наставникот (анлизирани се 18 дневника во ООУ Гоце Делчев Штип) може да издвоиме дека одделенските раководители редовно одржуваат индивидуални средби, имено во делот од графата *„информирање и консултации со родителите„* сите наставници имаат забележано по две и повеќе индивидуални средби, со дата на одржување и содржина на разговорот. (прилог бр 3)

Во делот за Евиденција за соработка со родителите може да издвоиме дека секој наставник има одржано по 5 до 6 родителски состаноци, со дата на одржување дневен ред и заклучок. Единствено како проблем се јавува нередовното присуство на родителите на овие родителски состаноци. На само еден родителски состанок е забалежано 100% присутност на родителите, на 4 родителски состаноци присутноста е над 90%, на 7 над 80% или во просек 61% од родителите присуствувале на родителските состаноци

| р.б | одделение | број на ученици | присутност на родителите на родителските средби учебан 2011/12 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I р. с | % | II р. с | % | III р. с | % | IV р. с | % | V р. с | % | VI р. с | % |
| 1 | I1 | 28 | 22 | 79 | 24 | 86 | 23 | 82 | 20 | 71 | 23 | 82 | | |
| 2 | I2 | 28 | 18 | 64 | 20 | 71 | 25 | 89 | 17 | 61 | 17 | 61 | | |
| 3 | II1 | 22 | 14 | 64 | 20 | 91 | 15 | 68 | 22 | 100 | 5 | 23 | | |
| 4 | II2 | 20 | 9 | 45 | 16 | 80 | 13 | 65 | 13 | 65 | 14 | 70 | 12 | 60 |
| 5 | III1 | 21 | 10 | 48 | 18 | 86 | 13 | 62 | 13 | 62 | 10 | 48 | | |
| 6 | III2 | 26 | 12 | 46 | 18 | 69 | 15 | 58 | 12 | 46 | 12 | 46 | | |
| 7 | IV1 | 18 | 7 | 39 | 9 | 50 | 5 | 28 | 10 | 56 | 10 | 56 | | |
| 8 | IV2 | 20 | 11 | 55 | 15 | 75 | 9 | 45 | 13 | 65 | 11 | 55 | | |
| 9 | V1 | 21 | 16 | 76 | 15 | 71 | 14 | 67 | 18 | 86 | 11 | 52 | 14 | 67 |
| 10 | V2 | 21 | 15 | 71 | 13 | 62 | 14 | 67 | 13 | 62 | 13 | 62 | 8 | 38 |
| 11 | VI1 | 17 | 7 | 41 | 11 | 65 | 7 | 41 | 9 | 53 | 13 | 76 | 8 | 47 |
| 12 | VI2 | 23 | 12 | 52 | 15 | 65 | 9 | 39 | 12 | 52 | 17 | 74 | 5 | 22 |
| 13 | VI1o | 27 | 16 | 59 | 15 | 56 | 16 | 59 | 14 | 52 | 18 | 67 | 18 | 67 |
| 14 | VI2o | 26 | 18 | 69 | 16 | 62 | 9 | 35 | 16 | 62 | 11 | 42 | 11 | 42 |
| 15 | VII1o | 15 | 5 | 33 | 8 | 53 | 9 | 60 | 14 | 93 | 14 | 93 | 8 | 53 |
| 16 | VII2o | 18 | 11 | 61 | 12 | 67 | 9 | 50 | 14 | 78 | 17 | 94 | 12 | 67 |
| 17 | VIII1o | 21 | 14 | 67 | 13 | 62 | 11 | 52 | 12 | 57 | 17 | 81 | | |
| 18 | VIII2o | 22 | 13 | 59 | 15 | 68 | 10 | 45 | 14 | 64 | 14 | 64 | | |
| | вкупно | 394 | 230 | 58 | 273 | 69 | 226 | 57 | 256 | 65 | 247 | 63 | 96 | 51 |

Важно за напомена е дека во холот на училиштето на посебна огласна табла за родителите постои ***„Распоред на време за средби со родителите„*** каде секој наставник има закажано ден и време за одржување на индивидуални средби, и време на одржување на групни родителски средби. (прикажано во прилог бр 4) Исто така на огласна табла од страна на педагогот на училиштето постои истакнато Годишен, месечен и неделен план за советување на родители на ученици. (прилог бр.5)

Од направената анализа на извештајот од работата на Советот на родители може да се заклучи дека Советот на родители работи според Законот за Основно образование, Статутот на училиштето и Програма. Истиот одржал две седници. Одржаните седници биле со мнозинство на присутни родители а причината за малиот број на одржани седници е поради неприсуството на родителите и немање кворум за работа и почесто одлаѓање на закажаните седници.

Советот на родителите извршил анализа на Годишната програма за работа на ООУ за учебната 2012/2013 година. Учествувал во разрешувањето на одредени негативни проблеми во однос на дисциплината и безбедноста на учениците, со свои насоки за разрешување на истите.

Советот на родители расправал и дал свое мислење за Програмата за ученички екскурзии на учениците за учебната 2012/2013 година.

Исто така учествувал и во разгледување на Правилникот за мерките, начинот и постапката за заштита на безбедноста на учениците при ООУ Гоце Делчев – Штип, Правилникот за мерките, начинот и постапката за давање на користење на салата за физичко образование при ООУ Гоце Делчев – Штип.

Родителите преку избраните преставници од Советот на родители активно се вклучени и во Процесот на управивање во ООУ преку Училишниот одбор.

На крајот од оваа анализа може да заклучиме дека **Училиштата ги исполнуваат законските обврски на информирање и соработка со родителите** но партиципацијата на родителите не е на потребното ниво

## 2.Анализа на резултатите од прашалниците

По претходно обезбедена согласност за спроведување на истражувањето од страна на раководниот тим на училиштата, се пристапи кон примена на мерните инструменти на избраниот примерок. За поцелосно согледување, идентификување и објаснување на постоечката соработка на родителите и училиштето, беа приготвени и применети два прашалника *(со прашања од отворен и затворен тип),* еден за родители и еден за наставници, чија цел беше да се испита мислењето на родителите и наставниците за тоа: каква е постоечката соработката помеѓу училиштето и родителите, нејзината успешност, застапеноста на одредени форми на соработка во пракса, кои се факторите кои ја отежнуваат соработката, како и кои се нивните препораки за подобрување на истата.

Табела 1А. Основна структура на примерокот (родители)

| Основна структура на примерокот | | стратум | Број на родители | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Бр | Основно општинско училиште | | Централно училиште | | Подрачни училишта | | |
| | | | Одделнска настава | Предметна настава | Одделнска настава | Предметна настава | |
| 1. | "Гоце Делчев" | Штип | 44 | 45 | | | 89 |
| 2. | „Ванчо Прке“ | Штип | 18 | 12 | | | 30 |
| 3. | „Димитар Влахов“ | Штип | 18 | 16 | | | 34 |
| 4. | ПОУ „Три Чешми“ | Штип | | | 10 | 11 | 21 |
| | **Вкупно** | | **80** | **73** | **10** | **11** | **174** |

Табела 2А. Основна структура на примерокот (наставници)

| Основна структура на примерокот | | стратум | Број на родители | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Бр | Основно општинско училиште | | Централно училиште | | Подрачни училишта | | |
| | | | Одделнска настава | Предметна настава | Одделнска настава | Предметна настава | |
| 1. | "Гоце Делчев" | Штип | 16 | 19 | | | 35 |
| 2. | „Ванчо Прке“ | Штип | 15 | 15 | | | 30 |
| 3. | „Димитар Влахов“ | Штип | 15 | 15 | | | 30 |
| 4. | ПОУ „Три Чешми“ | Штип | | | 5 | 4 | 9 |
| | **Вкупно** | | **46** | **49** | **5** | **4** | **104** |

## 2.1 Анализа на резултатите од прашалникот за родители

Испитаниците - родители одговараа на прашања од кои се добија релевантни податоци за нивните сознанија, мислења и предлози за соработката со основното училиште.

Истражувањето беше спроведено на 174 испитаници - родители, во четири основни училишта во Штип.

| 1 |
|---|

Тестирањето на ***Хипотаза 1.Родителите имаат позитивни мислења во врска со успешноста на соработката со основното училиште*** ги даде следните резултати.

Табела 1. Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – родители со тврдењето **1: „Какво е вашето мислење за соработката на родителите и училиштето во целина„:** а)успешна, б)може и подобра, в) неуспешна.

| *Какво е вашето мислење за соработката на родителите и училиштето во целина* | | |
|---|---|---|
| | f | % |
| Успешна | 114 | 65.51 |
| Може и подобра | 56 | 32.18 |
| неуспешна | 4 | 2.29 |
| Вкупно | **174** | 100.00 |

Анализата на податоците по однос на прашањето: ***Какво е вашето мислење за соработката на родителите и училиштето во целина,*** покажува дека од вкупно 174 анкетирани родители 114 или 65.51% од родителите се изјасниле дека соработката меѓу родителите и училиштето во целина е успешна, 32,18% дека соработката може да биде и подобра и 4 родители или 2,29% се изјасниле дека соработката е неуспешна.

Табела 2. Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според првото прашање.

| Фрекфенции | 1 | 2 | 3 | Вкупно | $\chi^2$ | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 114 | 56 | 4 | **174** | 104,41 | 2 | **0.01** |
| Очекувани | 58 | 58 | 58 | **174** | | | |

Анализата на податоците во табелата 2 покажа дека во однос на првото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 104,41. Според дадениот критериум (Прилог.7), $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува првата хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

Графикон 1. Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – родители со прашањето **„Какво е вашето мислење за соработката на родителите и училиштето во целина„:** а)успешна, б)може и подобра, в) неуспешна.



Табела 3. Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – родители со прашањето **2. *Какво е вашето мислење за соработката на родителите и останатите наставници „:*** а)успешна, б)може и подобра, в) неуспешна.

| *Какво е вашето мислење за соработката на родителите и останатите наставници* | | |
|---|---|---|
| | f | % |
| Успешна | 110 | 63.21 |
| Може и подобра | 52 | 29.88 |
| неуспешна | 12 | 6.89 |
| Вкупно | **174** | 100.00 |

Од табела 3 и графиконот може да се види дека на прашањето ***Какво е вашето мислење за соработката на родителите и останатите наставници*** од анкетирани 174 родители 63,21% или 110 се изјасниле дека соработката меѓу родителите и останатите наставници е успешна, 29,88% дека соработката може да биде и подобра и 6,89% или 12 родители дека соработката е неуспешна

Табела 4. Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според второто прашање

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | **$\chi^2$** | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 110 | 52 | 12 | **174** | 83.72 | 2 | **0.01** |
| Очекувани | 58 | 58 | 58 | **174** | | | |

Анализата на податоците во табелата 4 покажа дека во однос на второто прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 83,72. Според дадениот критериум $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува

втората хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

Графикон 2. Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – родители со прашањет „ ***Какво е вашето мислење за соработката на родителите и останатите наставници„***: а)успешна, б)може и подобра, в) неуспешна.




Од анализата на податоците по однос на прашањето број 3. ***Според вас, содржините и формите на соработка на родителите и училиштето се:*** 56,32%, или 98 родители се изјасниле дека содржините и формите на соработка се успешни, 68 родители или 39,08 дека формите на соработка на родителите и училиштето се средни, и 4,59 содржините и формите се неуспешни-лоши

Табела 5

| *Според вас, содржините и формите на соработка на родителите и училиштето се:* | | |
|---|---|---|
| | f | % |
| Успешни | 98 | 56.32 |
| Неуспешни (лоши) | 8 | 4.59 |
| Средни | 68 | 39.08 |
| Вкупно | **174** | 100.00 |

Табела 6. Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според тртото прашање

| Фрекфенции | 1 | 2 | 3 | Вкупно | $\chi^2$ | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 98 | 8 | 68 | **174** | 72.41 | 2 | **0,01** |
| Очекувани | 58 | 58 | 58 | **174** | | | |

Анализата на податоците во табелата 6 покажа дека во однос на третото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 72,41. Според дадениот критериум $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува втората хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

Графикон 3. Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – родители со тврдењето ***„Според вас, содржините и формите на соработка на родителите и училиштето се:*** а)успешна, б)неуспешни(лоши), в) средни.



Табела 7 . Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – родители со тврдењето **4:** ***Колку наставниците кои му предаваат на вашиот ученик се транспарентни и редовно добивате информации од нив за напредокот и успехот на ученикот?*** а)никогаш, б)повремено, в) често.

| *Колку наставниците кои му предаваат на вашиот ученик се транспарентни и редовно добивате информации од нив за напредокот и успехот на ученикот?* | | |
|---|---|---|
| | f | % |
| Никогаш | 14 | 8.04 |
| Повремено | 50 | 28.73 |
| Често | 110 | 63.21 |
| Вкупно | **174** | 100.00 |

На прашањето бр. 4 ***Колку наставниците кои му предаваат на вашиот ученик се транспарентни и редовно добивате информации од нив за напредокот и успехот на ученикот?*** 8,04% или 14 родители се изјасниле дека наставниците не се транспарентни и никогаш не добиваат информации за за напредокот и успехот на учениците, 28,73% дека повремено добиваат информации, и 63,21% или 110 родители се изјасниле дека често добиваат информации за напредокот и успехот на ученикот, и дека наставниците се транспарентни.

Табела 8. Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според четвртото прашање

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 14 | 50 | 110 | **174** | | | |
| Очекувани | 58 | 58 | 58 | **174** | 81.10 | 2 | **0,01** |

Од анализата на добиените податоци во однос на четвртото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 81,10. Според дадениот критериум $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува втората хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

Графикон 4. Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – родители со прашањето ***Колку наставниците кои му предаваат на вашиот ученик се транспарентни и редовно добивате информации од нив за напредокот и успехот на ученикот?*** а)никогаш, б)повремено, в) чест.




◈ Првата хипотеза, претпоставката дека родителите имаат позитивни мислења во врска со успешноста на соработката со основното училиште се потврдува со тоа што од анкетирани 174 родители, 114 или 65.51% се изјасниле дека соработката меѓу родителите и училиштето во целина е успешна. Овој став се потврдува и со тоа што 63,21% или 110 родители се изјасниле дека соработката меѓу родителите и останатите наставници е успешна.

Во прилог на прифаќањето на хипотезата е и дека 56,32%, или 98 родители се изјасниле дека содржините и формите на соработка се успешни, 68 родители или 39,08 дека формите на соработка на родителите и училиштето се средни и и 63,21% или 110 родители се изјасниле дека често добиваат информации за напредокот и успехот на ученикот, и дека наставниците се транспарентни.

Овие податоци целосно ја потврдуваат првата помошна хипотеза *„Родителите имаат позитивни мислења во врска со успешноста на соработката со основното училиште„*

| 2 |
|---|

Тестирањето *на **Хипотаза 2. Соработката меѓу одделенскиот раководител и родителите е успешна*** ги даде следните резултати.

Табела 9. Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – родители со тврдењето **5. Какво е вашето мислење за соработката на родителите и одделенскиот раководител:** а)успешна, б) може и подобра, в) неуспешна

| *Какво е вашето мислење за соработката на родителите и одделенскиот раководител:* | | |
|---|---|---|
| | f | % |
| Успешна | 144 | 82.75 |
| Може и подобра | 28 | 16.09 |
| неуспешна | 2 | 1.14 |
| Вкупно | **174** | 100.00 |

Анализирајќи ги податоците од табела 9 по прашањето ***Какво е вашето мислење за соработката на родителите и одделенскиот раководител:*** 144 родители или високи 82,75% се изјасниле дека соработката е успешна, 28 родители или 16,09% дека соработката може да биде и подобра и незначителни 1,14% или 2 родитела дека соработката е неуспешна.

Табела 10. Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според петтото прашање

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | **$\chi^2$** | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 144 | 28 | 2 | **174** | | | |
| Очекувани | 58 | 58 | 58 | **174** | 197.10 | 2 | **0,01** |

Анализата на податоците во табелата 10 покажа дека во однос на петтото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 197,10. Според дадениот критериум $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува втората хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

Графикон 5. Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – родители со прашањето **Какво е вашето мислење за соработката на родителите и одделенскиот раководител?** а)успешна, б) може и подобра, в) неуспешна




*Табела 11. Процентуална распределба на степенот на согласување на* испитаниците – родители со тврдењето **6. Колку одделенскиот раководител редовно организира родителски состаноци?** а)никогаш, б) повремено, в) често

| *Колку одделенскиот раководител редовно организира родителски состаноци?* | | |
|---|---|---|
| | f | % |
| Никогаш | 2 | 1.14 |
| Повремено | 44 | 25.28 |
| Често | 128 | 73.56 |
| Вкупно | **174** | 100.00 |

Анализирајќи ги податоците од табела 11 по прашањето ***Колку одделенскиот раководител редовно организира родителски состаноци?*** Од анкетирани 174 родители, 128 или 73,56% од родителите одговориле дека одделенскиот раководител често организира родителски состаноци, 44 или 25,28% од родителите одговориле дека повремено организира родителски состаноци, а 2 родители или 1,14% одговориле дека одделенскиот раководител никогаш не организира родоителски состаноци.

Табела 12. Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според шестото прашање

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 2 | 44 | 128 | **174** | | | |
| Очекувани | 58 | 58 | 58 | **174** | 141.93 | 2 | **0,01** |

Анализата на податоците во табелата 12 покажа дека во однос на шетото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 141,93. Според дадениот критериум $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува втората хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

Графикон 6. Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – родители со **6. Колку одделенскиот раководител редовно организира родителски состаноци?** а)никогаш, б) повремено, в) често



Табела 13. Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – родители со прашањето **7.Колку често одделенскиот раководител редовно организира индивидуални средби со вас родителите?** а)никогаш, б) повремено, в) често

| *Колку често одделенскиот раководител редовно организира индивидуални средби со вас родителите?* | | |
|---|---|---|
| | f | % |
| Никогаш | 12 | 6.89 |
| Повремено | 62 | 35.63 |
| Често | 100 | 57.47 |
| Вкупно | **174** | 100.00 |

Што се однесува до прашањето ***Колку често одделенскиот раководител редовно организира индивидуални средби со вас родителите?*** од табела 13 и графиконот може да се види дека од анкетирани 174 родители, 100 или 57,47% од родителите се изјасниле дека одделенскиот раководител често организира индивидуални средби, 62 или 35,63% од родителите се изјасниле дека одделенскиот раководител повремено организира индивидуални средби и 12 родители или 6,89% родители се изјасниле дека одделенскиот раководител никогаш не организира индивидуални средби со родителите

Табела 14. Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според седмото прашање

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 12 | 62 | 100 | **174** | | | |
| Очекувани | 58 | 58 | 58 | **174** | 67.17 | 2 | **0,01** |

Анализата на податоците во табелата 14 покажа дека во однос на седмото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 67,17. Според дадениот критериум $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува

втората хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

Графикон 7. Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – родители со прашањето **Колку често одделенскиот раководител редовно организира индивидуални средби со вас родителите?** а)никогаш, б) повремено, в) често




Табела 15. Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – родители со прашањето **8.Колку често од одделенскиот раководител редовно добивате информации за успехот и поведението на вашиот ученик?** а)никогаш, б) повремено, в) често

| *8. Колку често од одделенскиот раководител редовно добивате информации за успехот и поведението на вашиот ученик?* | | |
|---|---|---|
| | f | % |
| Никогаш | 2 | 1.14 |
| Повремено | 40 | 22.98 |
| Често | 132 | 75.86 |
| Вкупно | **174** | 100.00 |

Анализата на податоците од табела 15 по однос на прашањето ***Колку често од одделенскиот раководител редовно добивате информации за успехот и***

***поведението на вашиот ученик***, од анкетирани 174 родители, 132 или 75,86% се изјасниле дека често добиваат информации за успехот и поведението на учениците, 40 родители или 22,98% се изјасниле дека повремено добиваат информации за за успехот и поведението на учениците, и 2 родители или 1,14% дека никогаш не добиваат информации за за успехот и поведението на учениците.

Табела 16. Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според осмото прашање

| Фрекфенции | 1 | 2 | 3 | Вкупно | $\chi^2$ | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 2 | 40 | 132 | **174** | | | |
| Очекувани | 58 | 58 | 58 | **174** | 154.07 | 2 | **0,01** |

Анализата на податоците во табелата 16 покажа дека во однос на осмото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

◈ Анализирајки ги добиените податоци од одговорите на наставниците каде 73.07% од наставниците сметаат дека презафатеноста на родителот е главен елемент кој ја попречува добрата соработка со родителите на учениците ја <u>потврдува Хипотеза 7. факторот немање слободно време ја отежнува/попречува соработката на родителите во училиштето.</u>

| 8 |
|---|

Во однос на прашањето 13. **Кои се вашите препораки да се подобри соработката на училиштето со родителите?** Ова прашање кое се однесува на препораките на наставниците за подобрување на соработрката со родителите во училиштето беше од отворен тип.

Предлозите за подобрување на соработката од страна анкетирани 104 наставника се движеа во насока на почесто организирање на заеднички состаноци ученици, родители и наставници, на кои заеднички ќе се анализираат тешкотиите во постигнувањето на успехот на учениците, дисциплината, наставата по одредени предмети, и заедничко изнаоѓање решение за решавање на проблемите.

Потоа организирање на заеднички активности во училиштето во кои заеднички ќе учествуваат учениците, родителите и наставниците со можност да се запознаат и во друг контекст,т.е да го остварат/унапредат својот однос.

Одредување на ден на отворени врати во училиштето и тоа неколку пати во годината, истите да се одржуваат во попладневните часови за да може да присуствуваат што поголем број на родители.

Одржување на едукативни работилници или делење на едукативни информативни материјали за родителите преку кои родителите треба да сфатат каква улога може да имаат во воспитанието и образованието на своите деца па воопшто во работата на целото училиште.

На почетокот на секоја учебна година од родителите да се бараат предлози на нивно можно вклучување во работата-животот на училиштето, со цел охрабрување на родителите за активно вклучување во работата на училиштето.

Само мал број на наставници смета дека досегашните облици на соработка се добри, а главна причина за лошата или неадекватната соработка (таму кај што се јавува) е незаинтересираноста на родителите.

## 9

Со тестирањето на **Хипотезата 9. Не постои статистички значајна разлика во мислењето на родителите и наставниците за успешноста на соработката со училиштето** ја проверивме исправноста на претпоставката за не постоење на разлика

Табела 53 Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – родители и наставници со прашањето **Какво е вашето мислење за соработката на родителите и училиштето во целина?** а) успешна, б) може и подобра, в) неуспешна

| Какво е вашето мислење за соработката на родителите и училиштето во целина? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Родители | % | наставници | % | Вкупно |
| успешна | 114 | 65.51 | 76 | 73.07 | 190 |
| може и подобра | 56 | 32.18 | 28 | 26.92 | 84 |
| неуспешна | 4 | 2.29 | 0 | / | 4 |
| | 174 | 100.00 | 104 | 100.00 | 278 |

Податоците од табела 9 говорат дека 73,07% или 76 наставници, и 114 или 65.51% родители сметаат дека имаат успешна соработка во целина , 28 наставника или 26,92% и 56 родители или 32.18% дека таа соработка може да биде и подобра, а ниту еден наставник и 4 родители се изјасниле дека соработката е неуспешна.

При анализата и обработката на оваа хипотеза користен е x-2 за поставување на статистички значајна разлика. Добиени се следните резултати:

| | родители | наставници | | |
|---|---|---|---|---|
| успешна | 114 | 76 | 190 | 0,683453 |
| може подобра | 56 | 28 | 84 | 0,302158 |
| неуспешна | 4 | 0 | 4 | 0,014388 |
| | 174 | 104 | 278 | |

| | |
|---|---|
| 118,9208633 | 71,07913669 |
| 52,57553957 | 31,42446043 |
| 2,503597122 | 1,496402878 |

x2= 0,171073053

df=2

$p>0.05$

C=0.02

Од резултатите се воочува дека пресметаната вредност за x2 (x2=0.17) е помала од табличната вредност на x2 за два стпени на слобода и праг на значајност 0.05 кој изнесува x2= 5,991. Ова покажува дека испитуваните варијабли се меѓусебно независни, односно разликите не се доста значајни. Според ова, можеме да

заклучиме дека не постои статистички значајна разлика во мислењето на наставниците и родителите за успешноста на соработката со училиштето.

Коефициентот на контингенција C, кој ја покажува висината (јачината) на поврзаност изнесува 0.02 (C=0.02) означува дека меѓузависниот модалитет на испитуваните варијабли е слаб. Добиениот коефициент покажува слаба зависност помеѓу мислењата на наставниците и родителите во однос на успешноста на соработката со училиштето.

◈ Со оваа анализа ја <u>потврдуваме</u> деветата хипотеза дека <u>Не постои статистичка значајна разлика во мислењата на родителите и наставниците за успешноста на соработката со училиштето.</u>

* * * * * * *

Поставените прашања требаше да не доближат до мислењата и ставовите на наставниците во врска со успешноста на соработката на родителите со основното училиште. Од анализата на одговорите на прашањата се гледа дека и одговорите на наставниците се со голем процент на согласнот, односно позитивно ја оценуваат соработката воопшто.

И наставниците сметаат дека соработката со родителите е успешна, постоечкиот однос помеѓу родителите и наставниците е коректен, содржините и формите на соработка се успешни, а квалитетот на соработката со родителите го оценуваат со највисока оцена. Одделенскиот раководител редовно организира родителски состаноци, и често ги повикува родителите на индивидуални состаноци и родителите редовно добиваат информации за успехот и поведението на ученикот.

Наставниците сметаат дека родителите се запознати со нивните права и должности, и дека во училиштето и родителите и наставниците се запознати со работата на советот на родители.

Наставниците ги информираат родителите за воннаставните активности со тоа што ги вклучува родителите во организирањето и реализацијата на воннаставните активности на училиштето и слободните ученички активности

Според наставниците најзастапена форма на соработка меѓу училиштето и родителите се родителските состаноци, но родителите се присутни и во работата на советот на родители, во креативни работилници, проекти, манифестации од забавен карактер, на екскурзии и тн. Сепак презафатеноста на родителите/немањето слободно време е битен фактор кој ја попречува/отежнува соработката на родителите со наставниците и училиштето воопшто.

# IV Заклучни согледувања

# и препораки

# ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА

Врз основа на анализата на теоретските расправи, како и емпериските податоци до кои дојдовме во истражувањето преку анкетирање на родителите и наставниците како и од анализата содржините на Развојниот план, Годишната програма, Годишен извештај на училиштето, Дневникот за работа на наставникот, извлековме неколку важни заклучоци. Заклучоците од ова истражување треба да се уважат во насока на натамошно подобрување и збогатување на соработката на родителите со основното училиште. Предмет на нашето истражување беше реализацијата на соработката на родителите во современото основно училиште. Целта на истражувањето беше да се испита дали основното училиште и родителите остваруваат успешна соработка, кои се најчести форми на соработка и да се утврдат препораките за подобрување на соработката.

А) Анализата на содржините на Развојниот план, Годишната програма, Годишен извештај на училиштето, Дневникот за работа на наставникот покажа дека училиштата ги исполнуваат законските обврски за информирање на родителите за поведението и успехот на нивните деца, свикување на родителски состаноци и други аспекти на соработка со родителите на учениците но партиципацијата на родителите не е на потребното ниво. Иако постојат одредени законски регулативи што даваат можност за вклучување на родителите во училишниот живот, таквите можности се недоволно искористени во пракса.

Б) Со анализата на прашалникот дојдовме до следниве заклучоци:

Во врска со мислењето на наставниците и родителите за соработката на родителите со основното училиште утврдено е дека мнозинството и на едните и на другите позитивно ја оценуваат соработката воопшто.

Имено родителите позитивно ја оценуваат соработката на родителите со училиштето во целина, сметаат дека соработката со наставниците е успешна, содржините и формите на соработка на родителите со училиштето се успешни, наставниците кои предаваат се транспарентни и редовно даваат информации за напредокот и успехот на учениците.

И наставниците сметаат дека соработката со родителите е успешна, постоечкиот однос помеѓу родителите и наставниците е коректен, содржините и формите на соработка се успешни, а квалитетот на соработката со родителите го оценуваат со највисока оцена. Одделенскиот раководител редовно организира родителски состаноци, и често ги повикува родителите на индивидуални состаноци и

родителите редовно добиваат информации за успехот и поведението на ученикот.

Наставниците и родителите сметаат дека родителите се запознати со нивните права и должности, и дека во училиштето работата на советот на родители е транспарентна, односно и родителите и наставниците се запознати со работата на советот на родители во училиштето.

Училиштето ги информира родителите за воннаставните активности со тоа што ги вклучува родителите во организирањето и реализацијата на воннаставните активности на училиштето и слободните ученички активности

Најзастапена форма на соработка меѓу училиштето и родителите се родителските состаноци, но родителите се присутни и во работата на советот на родители, во креативни работилници, проекти, манифестации од забавен карактер, на екскурзии и тн.

Сепак презафатеноста на родителите/немањето слободно време е битен фактор кој ја попречува/отежнува соработката на родителите со наставниците и училиштето воопшто.

Предлозите за подобрување на соработката се движеа во насока на почесто организирање на заеднички состаноци ученици, родители и одделенски раководители, предметни наставници, стручната служба па и директорот и на истите заеднички да се анализираат тешкотиите во постигнувањето на успехот на учениците, дисциплината, наставата по одредени предмети, и заедничко изнаоѓање решение за решавање на проблемите. Потоа организирање на заеднички активности во училиштето во кои заеднички ќе учествуваат учениците, родителите и наставниците со можност да се запознаат и во друг контекст,т.е да го остварат/унапредат својот однос, да ја зголемат довербата.

Одредување на ден на отворени врати во училиштето и тоа неколку пати во годината, истите да се одржуваат во попладневните часови за да може да присуствуваат што поголем број на родители. Организирање на ден на семејството на кој ќе се организираат натпревари во разни категории.

Одржување на едукативни работилници или делење на едукативни информативни материјали за родителите преку кои родителите треба да сфатат каква улога може да имаат во воспитанието и образованието на своите деца па воопшто во работата на целото училиште.

На почетокот на секоја учебна година од родителите да се бараат предлози на нивно можно вклучување во работата-животот на училиштето, со цел охрабрување на родителите за активно вклучување во работата на училиштето.

Само мал број на наставници и родители сметаа дека досегашните облици на соработка се добри, а главна причина за лошата или неадекватната соработка (таму кај што се јавува) е незаинтересираноста на родителите.

Според резултатите во ова истражување каде анкетирани беа родители и наставници, мнозинството позитивно ја оценуваат соработката помеѓу родителите и основното училиште. Позитивните одговори и потврдувањето на посебните хипотези ја потврдуваат општат хипотеза **Дека Постои успешна соработка помеѓу родителите и основото училиште.**

## ПРЕПОРАКИ

Еден од основните мотиви кои ме поттикна да започнам да истражувам на оваа тема е неминовната невидлива нишка којашто го поврзува семејството со училишната средина. Современото општество се грижи да се создаде континуитет во воспитувањето и образованието, а тоа е невозможно без блиска соработка на училиштето и семејството, од една страна и училиштето, семејството и општествената средина, од друга страна. Многу често родителите не доаѓаат редовно на родителските состаноци, соработката со училиштето не ја сфаќаат како постојана обврска, за неуспехот на детето еднострано ја обвинуваат средината во којашто живеат, другарчињата и училиштето, неоправдано ги критикуваат наставниците. Факт што загрижува е дека некои родители исклучително училиштето го сметаат за одговорно за воспитанието и образованието на своето дете, а своите обврски ги сведуваат во рамките на исхраната,облекувањето и заштитата.

Меѓутоа, не се само родителите виновни ако не дојде до успешна соработка меѓу нив и наставникот. Добар дел од вината ја имаат наставниците и училиштата. Се случува наставниците да ја потценуваат улогата на родителите, не ги сметаат за рамноправни соработници,организираат состаноци без интересни содржини, не се грижат доволно за проблемите на учениците.

Поаѓајќи од ставот дека цел на соработката помеѓу родителите и училиштето треба да биде создавање на услови за оптимален развој на детето, неопходно е ефикасно вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес. За да се дојде до успешна имплементација, односно да се унапреди соработката на родителите и училиштето и да се потикне вклучувањето на родителите во различните аспекти на училишниот живот, неопходно е:

Тежиштето на соработката треба да се насочи кон обезбедување на пооптимални услови за развој на детето.

Вклучување на родителите на различни начини во животот на училиштето. Во рамките на добро испланиран и долгорочен програм на родителите да им се понудат најразновидни активности во кои можат да се вклучат во однос на желбите, обврските и способностите.

Родителите во што поголем број континуирано да се ангажираат во соработката како активни и рамноправни учесници и тоа во сите фази низ кои соработката поминува (од планирање и програмирање преку реализација до утврдување на ефекти од неа).

При осмисливањето и реализацијата на соработката треба објективно да се утврдат потребите на непосредните учесници односно соработката треба да се прилагоди на вкупните карактеристики на ситуацијата во која се реализира.

Соработката на родителите и училиштето да биде еден од основните принципи на кои се заснова функционирањето на училиштето. Затоа училиштето би требало да развие процедури да ги охрабри и поттикне на партиципација родителите, партиципацијата да стане дел од училишната практика, а не изолиран пример кој зависи од мотивацијата на поединци во училиштето.

Поаѓајки од фактот дека родителите главно се упатени на соработка со наставниците, важна задача за наставниците е и да наметнат атмосфера во која родителите ќе бидат послободни да се вклучат на различни начини и да допринесат во работата на училиштето. Затоа добрата професионална подготовка на идните наставници и стручното усовршување на постоечките кадри е од посебна важност. Важно е наставниците да се поттикнат да размислуваат за различните начини на кои соработката со родителите им ја олеснува работата и го поттикнува развојот на децата.

Потребно е воспоставување на нов модел кој ќе ја зголеми партиципацијата на родителите и ќе допринесе да се развијат нови видови на комуникација помеѓу сите субјекти вклучени во процесот на воспитание и образование. Денот на отворени врати е ден кога сите наставници мораат да бидат присутни, ден кога учениците доаѓаат со родителите и се запознаваат со работата на училиштето. Ваквиот модел на соработка ќе им понуди можност на родителите во неформална атмосфера да се дружат со наставниците, одделенските раководители, и учениците и да разговараат за теми кои се однесуваат на нивните деца и училиштето а истите не се покриваат на родителските состаноци.

Потребна е потополна двострана информираност, и создавање на атмосфера на меѓусебно разбирање и доверба, да се настојува родителите што повеќе да бидат партнери и активни учесници за да небидат само пасивни набљудувачи на кои им се нуди совет, упатства и добри примери и сл. Потребно е вистинско

делење на моќта и одговорноста помеѓу семејството и училиштето, училиштето треба да ги отвори своите врати за родителите, а истовремено родителите да ја препознаат својата улога и одговорност во образованието и воспитанието на своите деца.

Родителите се потребни - и можат да бидат добри партнери во училиштето. Услови за тоа постојат, нормативната и законската рамка се добри, подзаконските акти на училиштата ги содржат овие елементи или едноставно кажано постојат услови за зајакнување и подобрување на улогата на родителите и нивната партиципација во училиштето. Потребна е подобра организација и мотивација како кај наставниците така и кај родителите... нема што да се изгуби, може само да се добие.

И на крајот... Колкава е важноста на оние кои поучуваат и кои се трудат да го пренесат своето знаење на другите генерации, зборува една кинеска мудрост: „Ако сакаш да направиш добро кое ќе трае една година, засади жито. Ако сакаш тоа да трае десетина години, засади овошје, а ако сакаш да трае вечност, воспитувај и образувај луѓе!“ Ова се однесува и на родителите и на наставниците за да го сфатат значењето на воспитанието и образованието кое треба да се доживува како вонредна мисија на овој свет! Па од таа причина потребна е нивна максимална соработка, и меѓусебно помагање, кога се има предвид важноста на оваа поверена задача.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1.About Parent Involvement: http://parent.sdsu.edu/aboutpi.htm
2.Атанасов, П., Вклученоста на родителите во образованието во Македонија: „Алката што недостига„ Скопје, 2008
2.Azzam, A., Getting parents and a system on board, Educational leadership, 2009
3.Bašić, D., Saradnja porodice I skole, "Nastava i vaspitanje" , Beograd, 1986
4.Bergant, M., Promene porodice i problem porodicnog vaspitanja, Pedagogija, Beograd, 1973
5. Berger, E.H., Parents as Parents in Education. New York MacMillan Publishing Company, 1991
6. Благородна Камчева Лакинска, Марија Костова, Програмите на соработка со родителите-составен дел на воспитно-образовната работа во основното училиште, Васпитан улога породице, Београд, 1982
7. Braun, D., Working with parents, Contemporary Issues in the early years, London 1992
8. Vizek Vidović, V., Vlahović-Štetić, V., Rijavec, M. i Miljković, D., Psihologija obrazovanja. Zagreb, (2003)
9. Вклучување на заедницата во образовниот процес, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по Чекор„ 2008,)
10. Вујаклија, М., Лексикон страних речи и израза, Просвета Београд, 1974
11. Galić, M., Suradnja između roditelja i učitelja 2013
http://www.skole.hr/roditelji/odgoj?news_hk=5290&news_id=8489#mod_news
12. Golubović, Z., Porodica kao ljudska zajednica, Zagreb, 1981
13. Граѓанска асоцијација на учители во Штип, Зборник 2005-2008, Штип,мај 2008,
14. Grandic, R. Prilozi porodicnoj pedagogiji, Novi Sad, 2004
15. Дедиќ Џ., Одабрана поглавља школске и породичне педагогије, " Универзитет у Нишу", Врање, 1996
16. Desforges, C., The ipact of parental involvement, parental support and family education on Pupil Achivement and Adjustment, DfES, Research report 433, 2003
17. Dewey, J., *Democracy and Education. An introduction to the philosophy of education* (1966 edn.), New York: Free Press, 1916,
18. Ѓорѓевиќ Ј., Настава и учење у савременој школи,Београд,1981
19. Е-Дневник., http://ednevnik.edu.mk
20. Epstein, J.L., Critical Issue: Creating the School Climate and Structures to Support Parent and Family Involvement:
http://www.ncrel.org/sdrs/areas/issues/envrnmnt/famncomm/pa300.htm
21. Закон за основно образование,Службен весник број 103, август 2008,Скопје
22. Zakon o odgoju i obrazovanju u osnovnoj i srednjoj školi (Narodne novine br. 87, 2008.)
23. Ignjatovic, R., Saradnja izmedzu porodice I skolu,"Porodica I dijete", Sarajevo, 1976

24. Institucionalizirana saradnja i opšta saradnja roditelja sa školom http://www.stadt-zuerich.ch/portal/de/index.html
25. Janković, P. i Rodić, R. Školska pedagogija, Sombo, 2007;
26. Jankovic, P., Pretpostavke uspesne saradnje skole I porodice, Sombor, 2008
27. Jevic, V., i Urosevic, L., Saradnja skole sa roditeljima u planu i programu osnovnog vaspitanja i obrazovanja u vaspitnoj praksi, "Pedagoska stvarnost", Novi Sad, 1990)
28. Јованова, С., Семејството како клучен фактор во работата на современото училиште http://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/article/view/103/103
29. Komenski, J.A., Materinska skola, Beograd, 1946
30. Концепција за деветгодишното основно образование, Биро за развој на образованието, Скопје, 2007
31. Koonce, D.A. & Harper, W.Jr., Engaging African American parents in the schools: A community-based consultation model, Journal of educational and psychological consultation, 2005
32. Костова,М., *Методика на воспитна работа*,Скопје (за интерна употреба), 2004
33. Kums, F.H. , *Svetska kriza obrazovanja*, Beograd: Nolit,1971
34. Lightfoot, S.L. Worlds Apart: Relationships Between Families and schools, Basic Books, New York, 1978
35. Madelin A., Osloboditi školu, Obrazovanje a la carte. Zagreb 1991
36. Mandic, P., Saradnja porodice i skole, IGRO "Svjetlost" OOUR Zavod za udzbenike, Sarajevo, 1980)
37. Maleš D., Roditelji i skola suradnici u odgojnom procesu, Osnovna škola na pragu XXI stoleca, Institut za pedagoska istrazivanja Filozofskog fakulteta Sveucilista u Zagrebu, Zagreb, 1989
38. Maleš D., Od nijeme potpore do partnerstva između obitelji i škole, Institut za pedagoska istrazivanja Filozofskog fakulteta Sveucilista u Zagrebu, Zagreb, 1995
39. Matovic. N., Saradnja sredne skole i porodice, Beograd,1994
40. Mc Namara D., Педагогија учионице и основношколска пракса, 1994
41. Miljevic, R. & Vizek Vidovic, V. Uključenost roditelja u život škole Kratki izvještaj i preporuke za Hrvatsku http://www.see-educoop.net/aeiq/outputs/Ukljucenos_PolicyBrief_hr.pdf
42. Миовска-Спасева, С., *Прагматистичката педагогија и основното образование*, Скопје: Селектор, 2005.
43. Musgrove, F., The Family, Education and Society, London, 1979.
44. Националната програма за развој на образованието во Република Македонија од 2005-2015 година
45. Opšti zakon o obrazovanju i vaspitanju, Vlada Crne Gore, ("Sl. List RCG", br. 64/02 od 28.11.2002, 31/05 od 18.05.2005, 49/07 od 10.08.2007)
46. Orlovic-Potkonjak i Potkonjak,N., Pedagogija (II deo), Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1981)
47. Pang, I & Watkins, D. Towards a psychological model of teacher-parent communication in Hong Kong primary schools, Educational Studies, 2000
48. Pedagoska enciklopedija II, Beograd, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, 1979
49. Pedagoski recnik I *i* II, Beograd, 1967

50. Peltonen, H., Co-operation between home and school – supporting growth, development and learning
http://www.finnland-institut.de/fileadmin/content/de/Publikationen/PDFs/Heidi_Peltonen.pdf
51. Pestaloci, J.H., Pestalocievo pismo jednom prijatelju o boravku u Stancu, Zbirka tekstova pedagoskih klasika, Beograd 1960
52. Петровска, С., Воспитниот статус на македонското семејство и училишната успешностна децата, Необјавен докторски труд, одбранет на Филозофски факултет, Институт за педагогија, Скопје, 2005.
53. Половина Н., ДОПРИНОСИ ШКОЛЕ ГРАЂЕЊУ ПАРТНЕРСТВА СА РОДИТЕЉИМА, Институт за педагошка истраживања Београд 2008 http://www.slideshare.net/drcindra/saradnja-sa-roditeljima-14249644
54. Potkonjak, N., *Teorijsko-metodološki problemi pedagogije : epistemologija pedagogije* Beograd: Institut za pedagoška istraživanja i Prosveta, 1977
55. Програма за работа на Совет на родители при ООУ Гоце Делчев – Штип (интерен матријал)
56. Програмски насоки на регионални канцеларии за родители на Асоцијацијата на родители на РМ, Асоцијација на Родители на РМ, 2004, Скопје
57. Prodanović, Lj., Roditelji I dete u osnovnoj skoli, Beograd, 2000
58. Piorkowska-Petrovic, K., Saradnja porodice I skole u seoskoj sredini, Beograd 1984.
59. Радовановиќ, С., *Школа и друштвена средина*, Белград, Институт за педагогија и андрагогија Филозофски факултет, 1997
60. Ratković, M.,Obrazovanje I promene,Beograd,1997
61.Roditelji-partneri škola – Stavovi direltora škola o učešću roditelja u školskim aktivnostima, Sarajevo, 2009
62. Слободанка Ристевска, Голубина Горѓиевска, Прирачник за родители на ученици од основното образование, дел од проектот "Граѓанско образование - Пат кон граѓанско општество", декември, 2004
63. Статут на Општинското основно училиште Гоце Делчев – Штип (интерен матријал)
64. Steinberg, L., Beyond the classroom: Why school reform has faild and what parents need to do, NY: Simon&Schster, New York, 1996
65. Stevanovič, M., Ajanovič D., Školska pedagogija, Varaždinske toplice, 1997
66. Стоилковска, А., Преку партнерство со родителите до подобри училишни услови, Образовни рефлекси,Биро за развој на образованието,Република Македонија 3-4,Скопје,2004
67. SUCHODOLSKI, B. A Pedagogia e as grandes correntes filosóficas: pedagogia da essência e a pedagogia da existência. Lisboa: horizonte, 1984
68. Томовска, А., Вклученоста на родителите во образованието, Скопје http://www.see-educoop.net/aeiq/parents/Macedonia%20report.pdf
69. Trebjesanin, Z., Recnik psihologije,Beograd, 2000
70. Unapređenje inkluzivnosti i kvaliteta obrazovanja u jugoistočnoj Evropi – kvalitativno i kvantitativno istrživanje sa direktorima osnovnih škola, Forum MNE, 2009
http://www.see-educoop.net/aeiq/outputs/ForumMNE_PP_UcesceRoditelja&Zajednice.pdf

71. Ferhatovic, S., Skola otvorena roditeljima, Sarajevo,2008.
72. Carnie F., Setting up Parent Councils, Case Studies, Department for Education and Skills, 2004, www.hse.org.uk
73. Catholic Relief Services. (2006). *The crs parent-school partnership program evaluation case study: participants' perceptions of change in bosnia-herzegovina and kosovo*. Catholic Relief Services - Europe/Middle East Regional Office. Retrieved January 4, 2008, from http://crs.org/education/pubs/Edu200702_e.pdf.
74.Циновић, В., Павловић, Ј.,Милошевић, Н., Сарадња породице и школе као однос мeђузависости: Како родитељи конструишу проблеме, Београд 2007
75. Williams B., Williams J., Ullman A., Parental Involvement in Education, DfES Research Report, 2002)

# ПРИЛОЗИ

**Прилог бр.1**

**ПРАШАЛНИК** - за родители

*Во овој пршалник ќе наидете на мислења искажани во облик на претпоставки или тврдења кои се однесуваат на соработката помеѓу училиштето и родителите.*

*Прочитајте ги внимателно и проценете во колкава мера Вашето мислење се совпаѓа со мислењата искажани во прашалникот.*

*Податоците од прашалникот ќе бидат употребени за изработка на магистерски труд.*

*Прашалникот е анонимен!*

*Ви благодарам*

| Општи податоци | Место: ________________ училиште: ______________________ |
|---|---|
| пол | а) машки б) женски |
| возраст | а) помалку од 35 год. б) од 35 до 45 год.<br>в) од 45 до 55 год. г) над 55 год. |
| образование | а) основно б) средно<br>в) вишо г) високо |
| Вашето дете посетува | а) одделенска настава<br>б) предметна настава |

1.**Какво е вашето мислење за соработката на родителите и училиштето во целина**

А) успешна

Б) може и подобра

В) неуспешна

2. **Какво е вашето мислење за соработката на родителите и останатите наставници:**

а)успешна

б)неуспешна

в)може и подобра

**3. Според вас, содржините и формите на соработка на родителите и училиштето се:**

а)успешни

б)несупешни (лоши)

в)средни

**4. Колку наставниците кои му предаваат на вашиот ученик се транспарентни и редовно добивате информации од нив за напредокот и успехот на ученикот?**

А) Никогаш

Б) Повремено

В) Често

5. **Какво е вашето мислење за соработката на родителите и одделенскиот раководител:**

а)успешна

б)неуспешна

в)може и подобра

**6.Колку одделенскиот раководител редовно организира родителски состаноци?**

А) Никогаш

Б) Повремено

В) Често

**7.Колку често одделенскиот раководител редовно организира индивидуални средби со вас родителите?**

А) Никогаш

Б) Повремено

В) Често

**8. Колку често од одделенскиот раководител редовно добивате информации за успехот и поведението на вашиот ученик?**

А) Никогаш

Б) Повремено

В) Често

**9.Дали, како родители, сте запознаени со вашите права и должности кон училиштето?**

А) Да

Б) Делумно

В)Не

**10.Дали сте запознаени со работата на Советот на родители?**

А) Да

Б) Делумно

В) Не

11. **Дали, како родители, сте вклучени во организирањето и реализацијата на воннаставните активности на училиштето и слободните ученички активности?**

А) Да

Б) Делумно

В) Не

12 **Според Вас** која е најзастапена форма на соработка помеѓу училиштето и родителите?.

а)родителски состаноци, б) индивидуални разговори, в) ден на отворени врати, г)предавање за родители, д) допишување и тел.контакт, ѓ)посета на домот на ученикот

**13. Кои се елементите кои според Вас ја спречуваат добрата соработка со наставниците во училиштето на вашето дете?**

А) немање слободно време

Б) отсуство од дома

В) немање можност и разбирање од работодавачите да излезете од работа

В) зависи од повеќе фактори

**14. Колку често го посетувате училиштето за соработка со наставниците на вашето дете?**

А) често

Б) ретко

В) секогаш кога ќе бидам повикан

**15. Кои се вашите препораки да се подобри соработката со училиштето?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**Прилог бр.2**

**ПРАШАЛНИК** - за наставници

*Во овој пршалник ќе наидете на мислења искажани во облик на претпоставки или тврдења кои се однесуваат на соработката помеѓу училиштето и родителите.*

*Прочитајте ги внимателно и проценете во колкава мера Вашето мислење се совпаѓа со мислењата искажани во прашалникот.*

*Податоците од прашалникот ќе бидат употребени за изработка на магистерски труд.*

*Прашалникот е анонимен!*

*Ви благодарам*

| Општи податоци | Место: ________________ училиште: ______________________ |
|---|---|
| пол | а) машки б) женски |
| возраст | а) помалку од 35 год. б) од 35 до 45 год.<br>в) од 45 до 55 год. г) над 55 год. |
| Работен стаж | а) до 10 години б) од 10-20 години<br>в) од 20-30 години г) над 30 години |
| Во училиштето реализирам | а) одделенска настава<br>б) предметна настава |
| Дали си одд. раководител | а) ДА<br>б) НЕ |

1. **Какво е вашето мислење за вашата соработката со родителите:**

а)успешна

б)неуспешна

г)може и подобра

**2.Како ќе го процените постоечкиот однос меѓу наставниците и родителите:**

а)коректен

б)задоволителен/добар

в)прилично лош

г)не постои-не се познаваат

**3.Според вас, содржините и формите на соработка на родителите и училиштето се:**

а)успешни

б)несупешни (лоши)

в)средни

**4.Колку, како одделенски раководител редовно организирате родителски состаноци?**

А) Никогаш

Б) Повремено

В) Често

**5.Колку често како одделенски раководител организирате индивидуални средби со родителите?**

А) редовно

Б) еднаш месечно

В) секогаш кога ќе почувствувам дека има потреба

**6. Колку често како одделенски раководител ги информирате родителите за успехот и поведението на учениците?**

А) Никогаш

Б) Повремено

В) Често

**7.Дали постоечкото ново на соработка помеѓу Вас, како одделенскиот раководител и родителите е доволно за успех во училиштето?**

А) Да

Б) Не

В) може и подобро

**8.Дали, како одделенски раководител, ги информирате родителите за нивните права и должности кон училиштето?**

А) Да

Б) Понекогаш

В)Не

**9.Дали сте запознаени со работата на Советот на родители?**

А) Да

Б) Делумно

В) Не

**10. Дали, ги информирате/вклучувате родителите во организирањето и реализацијата на воннаставните активности на училиштето и слободните ученички активности?**

А) Да

Б)Делумно

В)Не

**11. Според Вас која е најзастапена форма на соработка меѓу училиштето и родителите?** а)родителски состаноци, б) индивидуални разговори, в) ден на отворени врати, г)предавање за родители, д) допишување и тел.контакт, ѓ)посета на домот на ученикот

**12. Кои се елементите кои според вас ја спречуваат добрата соработка со родителите на вашите ученици?**

А) презафатеност на родителот/немање слободно време

Б) преголем ангажман на наставникот

В) други фактори

**13.Кои се Вашите препораки за подобрување на соработката на училиштето со родителите?**

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

**Прилог бр.3**



ПРЕГЛЕД НА ИЗОСТАНОЦИТЕ

| Преглед на изостаноците | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | Информирање на родителите | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 6 | / | 3 | / | 7 | 25 | 1 | 7 | 8 | / | 27.10.2011 – Повикан родител и информиран за слабиот успех на ученикот. 05.03. Информиран, консултиран родител за организирање на дополнителни часови преку невладината организација | 57 4 |
| Неоправдани | 2 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | | |
| Вкупно | 8 | 1 | 4 | / | 7 | 25 | 1 | 7 | 8 | / | | |
| Оправдани | 7 | / | / | / | – | – | / | / | / | / | 08.03. – Повикан родител и информиран за настанатиот инцидент [illegible] | 7 |
| Неоправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | | |
| Вкупно | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | | |
| Оправдани | 14 | / | / | 1 | / | / | 19 | / | / | / | 27.10. Повикан родител – [illegible] ученикот [illegible]. 20.02. Повикан – информиран родител за недисциплина на ученикот | 34 3 |
| Неоправдани | 1 | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | | |
| Вкупно | 15 | / | / | 2 | 1 | / | 19 | / | / | / | | |
| Оправдани | 14 | 6 | 19 | 2 | / | / | / | / | / | / | 31.10.2011 Повикан родител, информиран за слабиот успех на ученикот | – Заминал во Германија 23.01.2012 год. без известување |
| Неоправдани | 1 | 2 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | | |
| Вкупно | 15 | 8 | 20 | 2 | / | / | / | / | / | / | | |
| Оправдани | 4 | / | / | / | 12 | 14 | 32 | / | 10 | / | 05.03. Консултации со родител во врска со заостанатиот успех на ученикот | 21 3 |
| Неоправдани | / | / | 1 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | | |
| Вкупно | 4 | / | 1 | 1 | 13 | 14 | 32 | / | 10 | / | | |
| Оправдани | / | / | 3 | 1 | / | / | / | / | 7 | 1 | 27.10. Повикан родител – [illegible] за слабиот успех на ученикот [illegible] недисциплина. 20.02. Повикан – информиран родител за недисциплина на ученикот | 12 3 |
| Неоправдани | 1 | / | 1 | / | / | / | 1 | / | / | / | | |
| Вкупно | 1 | / | 4 | 1 | / | / | 1 | / | 7 | 1 | | |
| Оправдани | / | / | / | 7 | / | 17 | 13 | 10 | / | 1 | 02.04. Посета од страна на родител за успехот на ученикот [illegible] | 48 |
| Неоправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | | |
| Вкупно | / | / | / | 7 | 1 | 17 | 13 | 10 | / | 1 | | |
| Оправдани | / | / | / | 1 | / | / | / | / | 6 | / | 29.10.2011 Повикан родител – информиран за слабиот успех и недисциплина. 16.12. Информативен разговор со родител за успехот и поведението на ученикот. 20.02. Повикан и информиран родител за недисциплина на ученикот | 7 4 |
| Неоправдани | / | 1 | / | 2 | / | 1 | / | / | / | / | | |
| Вкупно | / | 1 | / | 3 | / | 1 | / | / | 6 | / | | |
| Оправдани | / | 2 | / | 3 | 6 | 6 | 7 | / | 7 | / | 29.10.2011 Повикан родител – [illegible]. 20.02. Повикан и информиран родител за недисциплина на ученикот | 31 2 |
| Неоправдани | / | / | / | / | 1 | / | / | / | 1 | / | | |
| Вкупно | / | 2 | / | 3 | 7 | 6 | 7 | / | 8 | / | | |
| Оправдани | 6 | / | 6 | 14 | / | / | 6 | 7 | 1 | / | 18.11.11 Консултации со родител. 03.02.12 Повикан родител за консултации, информирање за успехот и поведението на ученикот | 50 1 |
| Неоправдани | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | | |
| Вкупно | 6 | / | 6 | 15 | / | / | 6 | 7 | 1 | / | | |

## Прилог бр.4



РАСПОРЕД НА ВРЕМЕ ЗА СРЕДБИ СО РОДИТЕЛИТЕ
НАСТАВНИК
ПРЕДМЕТ
ИНДИВИДУАЛНИ СРЕДБИ
I СМЕНА
II СМЕНА
ДЕН
ЧАС
ГРУПНИ РОДИТЕЛСКИ СРЕДБИ
ОДДЕЛЕНИЕ
ВРЕМЕ
• Нашето училиште користи нови приоди во наставата. Родителите се секогаш добредојдени да поразговараме за учењето на децата и да се договориме како да им помогнеме.
• Секој ден дома поразговарајте со вашето дете за тоа како било во училиштето, покажете интерес за тоа што го учело.
www.pep.org.mk
http://pepocenuvanje.blogspot
• Успехот во учењето на детето во голема мерка зависи од тоа училиштето, родителите и тоа с поставиле исти цели за тоа шт и како треба да научи.

## Годишен план за одржување советување со родителите на учениците за учебната 2012/13 година во ООУ Гоце Делчев –Штип

Советувањето ќе се реализира од страна на педагогот согласно Програмата за советување на родителите на учениците во основното образование донесена врз основа на член 64-б став 8 од Законот за Основно образование.

Годишниот план за советување на родителите се состои од месечен и неделен план

### Месечен план за советување на родителите на учениците

Педагогот во првата недела од месеците во текот на учебната година ќе реализира прво советување на родителите по прва испратена покана на родителите на учениците ако:

-ученикот во текот на наставната година има негативни по три или повеќе предмети
-ученикот има направено повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци

Време на одржување на советувањето од 17-19 часот во среда и четврток

Втората недела од месецот е планирана за второ советување од првата испратена покана.

Временска рамка во договор со родителите.

Исто така оваа недела е планирана и за прво советување од втората испратена покана до родителите.

Врема среда или четврток од 17-19 часот.

Третата недела че се реализира второто советување на родители по втората покана.

Време среда или четврток од 17-19 часот

Исто така оваа недела ќе се реализира и прво советување по трета испратена покана

Време среда или четврток од 17 до 19 часот во зависност од групите.

Четвртата недела ќе се реализира второто советување од третата испратена покана.

Последната недела од месецот ќе биде и за пријавување на нови проблем ученици од одд.раководители за да може педагогот навреме да ги формира новите групи од родители за советување и да ги испрати првите покани до нив.

На крајот на месецот педагогот ќе прави статистичка анализа за присуство на родителите на учениците од советувањата, и ќе достави извештај до одд.раководители, директорот и други институции.

### Неделен план за советување на родители на ученици

Педагогот секоја недела од месецот во вторник од 12 до 13 часот ќе има советување за родители кои од оправдани причини не успеале по испратена покана да присуствуваат на советувањето, а уредно се пријавиле во училиштето да го пријават своето отсуство.

Дата: 27.09.2012

Изготвил:
с.р. Педагог Николова Цветанка

**Прилог бр.6**

# И З В Е Ш Т А Ј

## За работата на Советот на родители ори ООУ Гоце Делчев – Штип за учебната 2012/2013година

**„РОДИТЕЛИТЕ СЕ СКАПОЦЕН РЕСУРС КОЈ ТРЕБА МУДРО ДА КОРИСТИ НА УЧИЛИШТЕТО“**

Преку Советот на родителите, родителите организирано делуваа во училиуштето во учебната 2012/2013 година со вклучување во работата на избраните членови од секоја паралелка по еден родител вкупно 38 родители и тоа од матичната зграда 28 родители, 9 родители од ПУ во населба Три Чешми и 1 родител од ПУ во с. Шшашаварлија.,

Советот на родители во овој период работеше согласно Законот за основно образование, Статутот на ООУ, и Програма за работа.

***Улогата на родителите во Советот на родителите***

- Советот на родители учествуваа во управувањето со ООУ
- Активен е сувјект во соработката со училиштето
- Се вклучија активно во животот и работата на ООУ покрај останатите субјекти

**Активности на Советот на родителите**

Советот на родтелите во изминатата учебна година своите активности ги насочуваше, преку одржување на свои седници. Беа одржани вкупно 2 седници. Одржаните седници беа со мнозинство на присутни родители а причината за малиот број на одржани седници е поради неприсуството на родителите и немање кворум за работа и почесто одлаѓање на закажаните седници.

Советот на родиели на закажаните седници расправаше по одредени прашања го остваруваше своето учеството во остварувањето и унапредувањето на воспитно образовната дејност во ООУ Гоце Делчев – Штип.

Советот на родителите ја анализираше Годишната програма за работа на ООУ за учебната 2012/2013 година.

Во разрешувањето на одредени негативни проблеми во однос на дисциплината и безбедноста на учениците Советот на родителите даде свои насоки за разрешување на истите.

Советот на родители расправаше и даваше свое мислење за Програмата за ученички екскурзии на учениците за учебната 2012/2013 година.

Исто така се вклучија и во разгледување на Правилникот за мерките, начинот и постапката за заштита на безбедноста на учениците при ООУ Гоце Делчев – Штип, Правилникот за мерките, начинот и постапката за давање на користење на салата за физичко образование при ООУ Гоце Делчев – Штип.

Родителите преку избраните преставници од Советот на родители активно се вклучени и во Процесот на управување во ООУ преку Училишниот одбор кои редовно присуствуваа на закажаните седници.

Претседател,

Николова Соња

Критични вредности за хи квадрат тест

| $\nu$ | 0.10 | 0.05 | 0.025 | 0.01 | 0.001 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2.706 | 3.841 | 5.024 | 6.635 | 10.828 |
| 2 | 4.605 | 5.991 | 7.378 | 9.210 | 13.816 |
| 3 | 6.251 | 7.815 | 9.348 | 11.345 | 16.266 |
| 4 | 7.779 | 9.488 | 11.143 | 13.277 | 18.467 |
| 5 | 9.236 | 11.070 | 12.833 | 15.086 | 20.515 |
| 6 | 10.645 | 12.592 | 14.449 | 16.812 | 22.458 |
| 7 | 12.017 | 14.067 | 16.013 | 18.475 | 24.322 |
| 8 | 13.362 | 15.507 | 17.535 | 20.090 | 26.125 |
| 9 | 14.684 | 16.919 | 19.023 | 21.666 | 27.877 |
| 10 | 15.987 | 18.307 | 20.483 | 23.209 | 29.588 |
| 11 | 17.275 | 19.675 | 21.920 | 24.725 | 31.264 |
| 12 | 18.549 | 21.026 | 23.337 | 26.217 | 32.910 |
| 13 | 19.812 | 22.362 | 24.736 | 27.688 | 34.528 |
| 14 | 21.064 | 23.685 | 26.119 | 29.141 | 36.123 |
| 15 | 22.307 | 24.996 | 27.488 | 30.578 | 37.697 |
| 16 | 23.542 | 26.296 | 28.845 | 32.000 | 39.252 |
| 17 | 24.769 | 27.587 | 30.191 | 33.409 | 40.790 |
| 18 | 25.989 | 28.869 | 31.526 | 34.805 | 42.312 |
| 19 | 27.204 | 30.144 | 32.852 | 36.191 | 43.820 |
| 20 | 28.412 | 31.410 | 34.170 | 37.566 | 45.315 |
| 21 | 29.615 | 32.671 | 35.479 | 38.932 | 46.797 |
| 22 | 30.813 | 33.924 | 36.781 | 40.289 | 48.268 |
| 23 | 32.007 | 35.172 | 38.076 | 41.638 | 49.728 |
| 24 | 33.196 | 36.415 | 39.364 | 42.980 | 51.179 |
| 25 | 34.382 | 37.652 | 40.646 | 44.314 | 52.620 |
| 26 | 35.563 | 38.885 | 41.923 | 45.642 | 54.052 |
| 27 | 36.741 | 40.113 | 43.195 | 46.963 | 55.476 |
| 28 | 37.916 | 41.337 | 44.461 | 48.278 | 56.892 |
| 29 | 39.087 | 42.557 | 45.722 | 49.588 | 58.301 |
| 30 | 40.256 | 43.773 | 46.979 | 50.892 | 59.703 |
| 31 | 41.422 | 44.985 | 48.232 | 52.191 | 61.098 |
| 32 | 42.585 | 46.194 | 49.480 | 53.486 | 62.487 |
| 33 | 43.745 | 47.400 | 50.725 | 54.776 | 63.870 |
| 34 | 44.903 | 48.602 | 51.966 | 56.061 | 65.247 |
| 35 | 46.059 | 49.802 | 53.203 | 57.342 | 66.619 |
| 36 | 47.212 | 50.998 | 54.437 | 58.619 | 67.985 |
| 37 | 48.363 | 52.192 | 55.668 | 59.893 | 69.347 |
| 38 | 49.513 | 53.384 | 56.896 | 61.162 | 70.703 |
| 39 | 50.660 | 54.572 | 58.120 | 62.428 | 72.055 |
| 40 | 51.805 | 55.758 | 59.342 | 63.691 | 73.402 |
| 41 | 52.949 | 56.942 | 60.561 | 64.950 | 74.745 |
| 42 | 54.090 | 58.124 | 61.777 | 66.206 | 76.084 |
| 43 | 55.230 | 59.304 | 62.990 | 67.459 | 77.419 |
| 44 | 56.369 | 60.481 | 64.201 | 68.710 | 78.750 |
| 45 | 57.505 | 61.656 | 65.410 | 69.957 | 80.077 |
| 46 | 58.641 | 62.830 | 66.617 | 71.201 | 81.400 |
| 47 | 59.774 | 64.001 | 67.821 | 72.443 | 82.720 |
| 48 | 60.907 | 65.171 | 69.023 | 73.683 | 84.037 |
| 49 | 62.038 | 66.339 | 70.222 | 74.919 | 85.351 |
| 50 | 63.167 | 67.505 | 71.420 | 76.154 | 86.661 |

СОДРЖИНА


Вовед 2

**I Теоретско согледување на проблемот** 4

1.Семејството и училиштето во процесот на воспитание 5

*1.1 Семејството и училиштето како специфични фактори на воспитание* 5

*1.2 Некои основни тенденции во развојот на семејството и училиштето* 8

1.2.1 Промените во современото семејство 8

*1.2.2* Промени во современото училиште 10

*1.3 Одност помеѓу семејството и училиштето во процесот на воспитание* 13

2. Соработката помеѓу семејството и современото основно училиште 15

*2.1.Историска димензија на соработката* 15

*2.2 Потребата за соработка помеѓу семејството и современото основно училиште* 19

2.2.1 Цел на соработка помеѓу семејството и училиштето 20

2.2.2 Односот помеѓу родителите и наставникот во процесот на соработка 22

2.2.3 Содржини на соработка помеѓу семејството и училиштето 22

2.2.4 Форми на соработка помеѓу семејството и училиштето 24

*2.3 Планирање на соработката меѓу родителите и училиштето* 26

3.Соработката на училиштето и семејството преку законската легислатива и други документи 27

*3.1 Закон за основно образование* 27

3.2. Национална програма за равој на образованието во РМ (2005-2015) 28

3.3. Концепцијата за деветгодишно основно образование 29

3.4. Статут на ООУ 29

*3.5.Програма за работа на Советот на родители* 32

*3.5.1. Основни програмски содржини* 32

*3.5.2. Примарни цели на Советот на родители* 33

*3.6. Проект: „Информиран родител (Е-ДНЕВНИК)“* 34

4. Искуства, програми и проекти за соработката помеѓу училиштето и родителите 34

4.1 Хрватска 35

4.2 Црна Гора 37

4.3 Финска 38

4.4 Англија 39

4.5 САД 41

*5.* Состојбата во Македонија 42

6.Кои се перспективите во однос на соработката на родителите со училиштето 45

**II Методологија на истражувањето** 50
1. Предмет на истражувањето 51
2.Цел и задачи на истражувањето 51
3.Хипотези на истражувањето 52
4.Варијабли на истражувањето 52
5.Популација и примерок на истражувањето 53
6.Карактер на истражувањето, техники и инструменти 56
6.1 Карактер на истражувањето 56
6.2 Методи техники и инструменти на истражувањето 56
7.Обработка на податоците од истражувањето 56
8.Организација и тек на истражувањето 56
9.Етика во истражувањето и одговорен истражувач 57
**III Анализа и интерперетација на резултатите од истражувањето** 58
1. Анализа на содржините на годишен програма на училиштето, годишен извештај, дневник за работа 59
2 Анализа на резултатите од прашалникот 63
2.1 Анализа на резултатите од прашалникот за родители 64
2.2 Анализа на резултатите од прашалникот за наставници 89
**Заклучни согледувања** 113
Заклучни сознанија 114
Препораки 116
Користена литература 119
Прилози 123